9303	Друго огнено оружје и слични уреди што функционираат со палење на експлозивно полнење (на пр, спортски пушки, сачмарки и ловечки и спортски карабини, огнено оружје што се полни однапред, сигнални пиштоли и други направи предвидени за исфрлување само на сигнални ракети, пиштоли и револвери за истрелување на маневарска муниција, пиштоли со поврзан клин за хумано убивање на животни, фрлачи на бродски јажиња):	
9303 10 00 00	-Огнено оружје што се полни однапред	25
9303 20	-Други спортски, ловечки пушки-сачмарки, вклучувајќи и комбинација на сачмарки и карабини:	
9303 20 10 00	-- Со една мазна цевка	25
9303 20 95 00	--Друго	25

9303 30 00 00	-Други спортски и ловечки пушки	25
9303 90 00 00	-Друго	25
9304 00 00 00	Друго оружје (на пример, пружински, воздушни или гасни пушки и пиштоли, пендреци), освен оружјето од тар. број 9307	25
9305	Делови и прибор на производите од тар. броеви 9301 до 9304:	
9305 10 00 00	-За револвери или пиштоли	25
	-За пушки-сачмарки, карабини од тар. број 9303:	
9305 21 00 00	--Цевки за пушки-сачмарки	25
9305 29	--Друго:	
9305 29 30 00	---Грубо обликувани кундаци	25
9305 29 95 00	---Друго	25
	-Друго:	
9305 91 00 00	--Од воено оружје од тар. број 9301	7
9305 99 00 00	--Друго	25
9306	Бомби, гранати, торпеда, мини, ракети и слична воена муниција и нивни делови; куршуми, друга муниција и проектили и нивни делови, вклучувајќи и сачма и чепови за фишеци:	
9306 10 00 00	-Муниција за алат за заковување или сличен алат или за пиштоли со врзан клин за хумано убивање на животни, и нивни делови	25
	-Муниција за пушки-сачмарки и делови за таа муниција; муниција за воздушни пушки:	
9306 21 00 00	--Фишеци	25
9306 29	--Друго:	
9306 29 40 00	---Чаури	25
9306 29 70 00	---Друго	25
9306 30	-Друга муниција и нејзини делови:	
9306 30 10 00	--За револвери и пиштоли од тар. број 9302 и за автоматски пушки од тар. број 9301	25
	--Друго:	
9306 30 30 00	---За воено оружје	7
	---Друго:	
9306 30 91 00	----Муниција за централни сигнални ракети	25
9306 30 93 00	----Мунуција за рабно сигнални ракети	25
9306 30 98 00	----Друго	25
9306 90	-Друго:	
9306 90 10 00	--За воено оружје	7
9306 90 90 00	--Друго	25
9307 00 00 00	Мечови, сабји, бајонети, копја и слични оружја, нивни делови и футроли за тоа оружје	25

ОДДЕЛ XX

РАЗНИ ПРОИЗВОДИ

ГЛАВА 94

МЕБЕЛ; ПОСТЕЛНИНА, МАДРАЦИ, НОСАЧИ НА МАДРАЦИ, ПЕРНИЦИ И СЛИЧНИ ПОЛНЕТИ ПРОИЗВОДИ; ЛАМБИ И ДРУГИ СВЕТЛЕЧКИ ТЕЛА, НА ДРУГО МЕСТО НЕСПОМНАТИ ИЛИ ОПФАТЕНИ; ОСВЕТЛЕНИ ЗНАЦИ, ОСВЕТЛЕНИ ПЛОЧКИ СО ИМИЊА И СЛИЧНО; МОНТАЖНИ ЗГРАДИ

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

(а) душеци, јоргани и перници, полнети со вода или на надувување, од Глава 39, 40 или 63;

(б) огледала наменети за поставување на под или почва (на пример, големи огледала што се наклонуваат околу хоризонталната оска) од тар. број 7009;

(в) производи од Глава 71;

(г) делови за општа употреба дефинирани во забелешката 2 кон Оддел XV, од прости метали (Оддел XV), или слични производи од пластични маси (Глава 39) или каси од тар. број 8303;

(д) мебел специјално конструиран како делови на опрема за ладење или замрзнување од тар. број 8418; мебел посебно конструиран за машини за шиење (тар. број 8452);

(ѓ) ламби или други светлечки тела од Глава 85;

(е) мебел посебно конструиран како делови на апарати од тар. број 8518 (тар. број 8518), од тар. броеви 8519 до 8521 (тар. број 8522) или од тар. броеви 8525 до 8528 (тар. број 8529);

(ж) производи од тар. број 8714;

(з) забарски столови со вградени забарски уреди од тар. број 9018 или забарски плукалници (тар. број 9018);

(ѕ) производи од Глава 91 (на пример: часовници и кутии за часовници);

(и) мебел во вид на играчки или ламби или светлечки тела во вид на играчки (тар. број 9503), маси за билијард или друг мебел посебно конструиран за друштвени игри (тар. број 9504), мебел за магионичарски вештини или декорирање (освен електрични венци) како што се кинески лампиони (тар. број 9505).

2. Производите (освен деловите) од тар. броеви 9401 до 9403 се распоредуваат во тие тарифни броеви само ако се конструирани да се стават на под или почва.

Меѓутоа, оваа одредба не се применува на следните производи, што ќе се распоредат во спомнатите тарифни броеви дури и ако се конструирани така што да се закачат, прицврстуваат за ѕид или да стојат еден врз друг, и тоа:

(а) кујнски ормани, ормани и витрини за книги, друг мебел со полици и мебел од компонибилни елементи;

(б) седишта и легла.

3. (а) Во тар. броеви 9401 до 9403 под делови на производи не се подразбираат листови или плочи (сечени или несечени во форми но не и комбинирани со други делови) од стакло (вклучувајќи огледала), од мермер или од друг камен или од кој и да е друг материјал наведен во Глава 68 или 69.

(б) Производите од тар. број 9404, испорачани посебно, не се распоредуваат во тар. број 9401, 9402 или 9403 како делови на тие производи.

4. Во тар. број 9406 под поимот "монтажни згради" се подразбираат згради што се довршени во фабриката или приготвени како елементи, испорачани заедно, заради склопување на самото место, како што се згради за живеење или работа, канцеларии, училишта, продавници, хангари, гаражи или слични згради.

9401	**Седишта (освен оние од тар. број 9402), вклучувајќи ги и оние што можат да се претворат во легла, и нивни делови:**	
9401 10	**-Седишта за воздухоплови:**	
9401 10 10 00	--Непревлечени со кожа, за цивилни воздухоплови	сл
9401 10 90 00	--Друго	25
9401 20 00 00	**-Седишта за моторни возила**	25
9401 30	**-Обртни седишта со приспособување на променлива висина:**	
9401 30 10 00	--Тапацирани, со наслони за грб и со тркалца или лизгалки	25
9401 30 90 00	--Друго	25
9401 40 00 00	**-Седишта, освен градински седишта или кампинг опрема, што можат да се претворат во легла**	25
9401 50 00 00	**-Седишта од трска, врба, бамбуси или слични материјали**	25
	-Други седишта, со дрвени скелети:	
9401 61 00 00	**--Тапацирани**	25
9401 69 00 00	**--Други**	25
	-Други седишта, со метални скелети:	
9401 71 00 00	**--Тапацирани**	25
9401 79 00 00	**--Други**	25
9401 80 00 00	**-Други седишта**	25
9401 90	**-Делови:**	
9401 90 10 00	--За седишта за воздухоплови	сл
	--Друго:	
9401 90 30 00	---Од дрво	25
9401 90 80 00	---Друго	25

9402	**Медицински, хируршки, забарски или ветеринарски мебел (на пример, операциони маси, маси за прегледи, болнички кревети со механички уреди, забарски столови); берберски столови и слични столови, со обртно, наклонувачко и подигнувачко движење; делови на наведените производи:**	
9402 10 00 00	**-Забарски, берберски или слични столови и нивни делови**	21
9402 90 00 00	**-Друго**	16
9403	**Друг мебел и негови делови:**	
9403 10	**-Метален канцелариски мебел:**	
9403 10 10 00	--Маси за цртање (освен оние од тар. број 9017)	35
	--Друго:	
	---Со висина што не надминува 80 см:	
9403 10 51 00	----Работни маси	35
9403 10 59 00	----Друго	35
	---Со висина што надминува 80 см:	
9403 10 91 00	----Ормани со врати и роло ормани	35
9403 10 93 00	----Ормани за картотека и други ормани со фиоки	35
9403 10 99 00	----Друго	35
9403 20	**-Друг метален мебел:**	
9403 20 10 00	--За употреба во цивилни воздухоплови	сл
	--Друго:	
9403 20 91 00	---Кревети	35
9403 20 99 00	---Друго	35
9403 30	**-Дрвен канцелариски мебел:**	
	--Со висина што не надминува 80 см:	
9403 30 11 00	---Работни маси	35
9403 30 19 00	---Друго	35
	--Со висина што надминува 80 см:	
9403 30 91 00	---Ормани со врати и роло ормани; ормани за картотека и други ормани со фиоки	35
9403 30 99 00	---Друго	35
9403 40	**-Дрвен кујнски мебел:**	
9403 40 10 00	--Опремени кујнски делови	35
9403 40 90 00	--Друго	35
9403 50 00 00	**-Дрвен мебел за спални соби**	35
9403 60	**-Друг дрвен мебел:**	
9403 60 10 00	--Дрвен мебел за терпезарии и дневни соби	35
9403 60 30 00	--Дрвен мебел за опремување на продавници	35
9403 60 90 00	--Друг дрвен мебел	35
9403 70	**-Мебел од пластични маси:**	
9403 70 10 00	--За употреба во цивилни воздухоплови	сл
9403 70 90 00	--Друго	35
9403 80 00 00	**-Мебел од други материјали, вклучувајќи и трска, врба, бамбус или слични материјали**	35
9403 90	**-Делови:**	
9403 90 10 00	--Од метал	17
9403 90 30 00	--Од дрво	17
9403 90 90 00	--Од други материјали	17
9404	**Носачи на мадраци; предмети на постелнина и слични стоки (на пример, мадраци, јоргани, перини, перници и перничиња), со пружини или полнети со кој и да е материјал или од целуларна гума или пластична маса, вклучувајќи и пресвлечени:**	
9404 10 00 00	**-Носачи на мадраци**	23
	-Мадраци:	
9404 21	**--Од целуларна гума или пластична маса, вклучувајќи и пресвлечени:**	
9404 21 10 00	---Од гума или каучук	23
9404 21 90 00	---Од пластични маси	23
9404 29	**--Од други материјали:**	
9404 29 10 00	---Со спирална влошка	23
9404 29 90 00	---Друго	23
9404 30 00 00	**-Вреќи за спиење**	23
9404 90	**-Друго:**	
9404 90 10 00	--Полнети со пердуви или перја	23
9404 90 90 00	--Друго	23
9405	**Ламби и други светлечки тела, вклучувајќи и рефлектори**	

	и нивни делови, на друго место неспомнати ниту опфатени; осветлени знаци, осветлени плочки со имиња и слично, со постојано фиксиран светлосен извор, и нивни делови на друго место неспомнати ниту опфатени:	
9405 10	**-Лустери и други електрични плафонски или ѕидни светлечки тела, освен за осветлување на јавни отворени простори или собраќајници:**	
9405 10 10 00	--Од прости метали или од пластични маси, за употреба во цивилни воздухоплови	сл
	--Друго:	
	---Од пластични маси:	
9405 10 21 00	----За употреба со сијалици со влакна	25
9405 10 29 00	----Друго	23
9405 10 30 00	---Од керамика	25
9405 10 50 00	---Од стакло	23
	---Од други материјали:	
9405 10 91 00	----За употреба со сијалици со влакна	25
9405 10 99 00	----Друго	23
9405 20	**-Електрични ламби за ставање на маса, покрај кревет, или на под:**	
	--Од пластични маси:	
9405 20 11 00	---За употреба со сијалици со влакна	25
9405 20 19 00	---Друго	23
9405 20 30 00	--Од керамика	25
9405 20 50 00	--Од стакло	23
	--Од други материјали:	
9405 20 91 00	---За употреба со сијалици со влакна	25
9405 20 99 00	---Друго	23
9405 30 00 00	**-Сетови за осветлување на новогодишни елки**	25
9405 40	**-Други електрични ламби и светлечки тела:**	
9405 40 10 00	--Рефлектори	13
	--Друго:	
	---Од пластични маси:	
9405 40 31 00	----За употреба со сијалици со влакна	25
9405 40 35 00	----За употреба со флуоресцентни цевки	23
9405 40 39 00	----Друго	23
	---Од други материјали:	
9405 40 91 00	----За употреба со сијалици со влакна	25
9405 40 95 00	----За употреба со флуоресцентни цевки	23
9405 40 99 00	----Друго	23
9405 50 00 00	**-Неелектрични ламби и светлечки тела**	21
9405 60	**-Осветлени знаци, осветлени плочки со имиња и слично:**	
9405 60 10 00	--Од прости метали или од пластични маси, за употреба во цивилни воздухоплови	сл
	--Друго:	
9405 60 91 00	---Од пластични маси	25
9405 60 99 00	---Од други материјали	25
	-Делови:	
9405 91	**--Од стакло:**	
	---Производи за електрични светлечки тела (освен рефлектори):	
9405 91 11 00	----Брусено стакло, сплоснети парчиња, топчиња, парчиња во вид на крушка, во вид на цвет, висечки украси и слични производи за украсување на лустери	18
9405 91 19 00	----Друго (на пример, дифузери, капаци за плафонерки, абажури, топки, парчиња во форма на лале)	5
9405 91 90 00	---Друго	18
9405 92	**--Од пластични маси:**	
9405 92 10 00	---Делови од производи од тар. подброј 9405 10 или 9405 60, за употреба во цивилни воздухоплови	сл
9405 92 90 00	---Друго	23
9405 99	**--Друго:**	
9405 99 10 00	---Делови за производи од тар. подброј 9405 10 или 9405 60, за употреба во цивилни воздухоплови	сл
9405 99 90 00	---Друго	23
9406 00	**Монтажни згради:**	
9406 00 10 00	-Од дрво	23
	-Од железо или челик:	

9406 00 31 00	--Стаклени бавчи	35
9406 00 39 00	--Друго	35
9406 00 90 00	-Од други материјали	23

ГЛАВА 95

ИГРАЧКИ, РЕКВИЗИТИ ЗА ДРУШТВЕНИ ИГРИ И СПОРТ; НИВНИ ДЕЛОВИ И ПРИБОР

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

(а) свеќички за украсување на новогодишни елки (тар. број 3406);

(б) производи за огномет или други пиротехнички производи од тар. број 3604;

(в) предива, монофиламенти, канапи или слично, за риболов, сечени во определени должини но неизработени во стракови за риболов, од Глава 39, тар. број 4206 или Оддел XI;

(г) спортски торби или други производи од тар. број 4202, 4303 или 4304;

(д) спортска облека или облека за маскирање, од текстилен материјал, од Глава 61 или 62;

(ѓ) знамиња од текстил или едра за пловила или едрилици, од Глава 63;

(е) спортски обувки (освен чевли за лизгање со присцврстени лизгалки или ролшуи) од Глава 64, или спортски покривки за глава од Глава 65;

(ж) бастуни, бичеви, камшици или слично (тар. број 6602), или нивни делови (тар. број 6603);

(з) немонтирани стаклени очи за кукли или други играчки, од тар. број 7018;

(ѕ) делови за општа употреба, дефинирани во забелешката 2 кон Оддел XV, од прости метали (Оддел XV), или слични производи од пластични маси (Глава 39);

(и) ѕвонца, гонгови или слично од тар. број 8306;

(ј) пумпи за течности (тар. број 8413), машини и апарати за пречистување или филтрирање на течности или гасови (тар. број 8421), електрични мотори (тар. број 8501), електрични трансформатори (тар. број 8504) или апарати за далечинско управување (тар. број 8526);

(к) спортски возила (освен боб-санки, санки и слично) од Оддел XVII;

(л) детски велосипиеди (тар. број 8712);

(љ) спортски пловила како што се кануи и скифови (Глава 89), или средства за нивен погон (Глава 44 за производи изработени од дрво);

(м) очила, заштитни очила или слично, за спорт или игри на отворено (тар. број 9004);

(н) предмети за мамење и довикување или пиштални (тар. број 9208);

(њ) оружје или други производи од Глава 93;

(о) електрични украси (гирланди) од сите видови (тар. број 9405); или

(п) жици за рекети, шатори или друга кампинг-опрема, или раквици, ракавици без прсти, ракавици со еден прст (се распоредуваат според материјалот од кој се изработени).

2. Оваа глава ги опфаќа производите во кои природните или одгледуваните бисери, бесценетите или полубесценетите камења (природни, синтетички или реконструирани), благородните метали или металите платинирани со благороден метал, претставуваат само незначителни составни делови.

3. Согласно со забелешката 1 кон оваа глава, деловите и приборот што се погодни за употреба само или главно со производите од оваа глава се распоредуваат во истиот тарифен број на производот за кој се наменети.

4. Тар. број 9503 не опфаќа производи кои, поради нивниот дизајн, форма или конструктивен материјал, се препознаваат дека се со намена само за животни, на пример, "играчки за миленичиња" (се распоредуваат во нивниот соодветен тарифен број).

9501 00	**Детски играчки со тркала, за јавање или возење (на пример, трицикли, тротинети, автомобили со педали); колички за кукли:**	
9501 00 10 00	-Колички за кукли	10
9501 00 90 00	-Друго	10
9502	**Кукли во форма на човечки суштества:**	
9502 10	**-Кукли, облечени или необлечени:**	
9502 10 10 00	--Од пластични маси	10
9502 10 90 00	--Од други материјали	10
	-Делови и прибор:	
9502 91 00 00	**--Облека и прибор за облека, обувки и покривки за глава**	10
9502 99 00 00	**--Друго**	10
9503	**Други играчки; смалени модели и слични модели за игра, вклучувајќи и со погон; загатки од сите видови:**	
9503 10	**-Електрични возови, вклучувајќи и колосеци, сигнали и друг прибор за нив:**	
9503 10 10 00	--Намалени модели	10
9503 10 90 00	--Друго	10
9503 20	**-Сетови на смалени модели за склопување, вклучувајќи и модели со погон, освен оние од тар. подброј 9503 10:**	
9503 20 10 00	--Од пластични маси	10
9503 20 90 00	--Од други материјали	10
9503 30	**-Други сетови на конструкции и конструкциони играчки:**	
9503 30 10 00	--Од дрво	10
9503 30 30 00	--Од пластични маси	10
9503 30 90 00	--Од други материјали	10
	-Играчки во форма на животни или нечовечки суштества:	
9503 41 00 00	**--Полнети**	10
9503 49	**--Други:**	
9503 49 10 00	---Од дрво	10
9503 49 30 00	---Од пластични маси	10
9503 49 90 00	---Од други материјали	10
9503 50 00 00	**-Музички инструменти и музички апарати, во форма на играчки**	10
9503 60	**-Загатки:**	
9503 60 10 00	--Од дрво	10
9503 60 90 00	--Друго	10
9503 70 00 00	**-Други играчки, во сетови или на подлоги**	10
9503 80	**-Други играчки и модели, со вграден мотор:**	
9503 80 10 00	--Од пластични маси	10
9503 80 90 00	--Од други материјали	10
9503 90	**-Друго:**	
9503 90 10 00	--Оружје во форма на играчки	10
	--Друго:	
	---Од пластични маси:	
9503 90 32 00	----Без механички погон	10
9503 90 34 00	----Друго	10
9503 90 35 00	---Од каучук или гума	10
9503 90 37 00	---Од текстилни материјали	10
	---Од метал:	
9503 90 51 00	----Минијатурни модели од одливци	10
9503 90 55 00	----Друго	10
9503 90 99 00	---Од други материјали	10
9504	**Производи за панаѓурски игри, игри за маса или друштвени игри, вклучувајќи и флипери, билијард, специјални маси за казино-игри и опрема за автоматски куглани:**	
9504 10 00 00	**-Електронски видеоигри за употреба со ТВ приемник**	10
9504 20	**-Производи и прибор за билијард:**	
9504 20 10 00	--Маси за билијард (со или без нозе)	10
9504 20 90 00	--Друго	10
9504 30	***-Други игри што се пуштаат во работа со метални пари, банкноти (хартија од вредност), жетони или***	

	други слични производи, освен опрема за авт омат ски куглани:	
9504 30 10 00	--Игри со екран	10
	--Други игри:	
9504 30 30 00	---Флипери	10
9504 30 50 00	---Друго	10
9504 30 90 00	--Делови	10
9504 40 00 00	**-Карти за играње**	10
9504 90	**-Друго:**	
9504 90 10 00	--Сетови на електрични тркачки автомобили кои имаат карактер на натпреварувачки игри	10
9504 90 90 00	--Друго	10
9505	**Свечени, карневалски или други производи за разонода, вклучувајќи и за маѓионичарски трикови и слично:**	
9505 10	**-Производи за новогодишни празници:**	
9505 10 10 00	--Од стакло	10
9505 10 90 00	--Од други материјали	10
9505 90 00 00	**-Друго**	10
9506	**Производи и опрема за општа физичка култура, гимнастика, атлетика, други спортови (вклучувајќи и пинг-понг) или игри на отворено, неспомнати ниту опфатени на друго место во оваа глава; базени за деца:**	
	-Скии за снег и друга скијачка опрема за снег:	
9506 11	**--Скии:**	
9506 11 10 00	---Скии за трчање	7
	---Скии за спуштање по планини:	
9506 11 21 00	----Моноскии и штици за скиење (сноњбоардс)	7
9506 11 29 00	----Друго	7
9506 11 80 00	---Други скии	7
9506 12 00 00	**--Врзувачи за скии**	7
9506 19 00 00	**--Друго**	7
	-Скии за вода, штици за возење по бранови, штици за едрење и друга опрема за спортови на вода:	
9506 21 00 00	**--Штици за едрење**	7
9506 29 00 00	**--Друго**	7
	-Палки за голф и друга опрема за голф:	
9506 31 00 00	**--Комплет палки**	7
9506 32 00 00	**--Топки**	7
9506 39	**--Друго:**	
9506 39 10 00	---Делови на палки за голф	7
9506 39 90 00	---Друго	7
9506 40	**-Производи и опрема за пинг-понг:**	
9506 40 10 00	--Рекети, топчиња и мрежи	7
9506 40 90 00	--Друго	7
	-Рекети за тенис, бадминтон или слично со или без жица:	
9506 51 00 00	**--Рекети за тенис на трева, со или без жица**	7
9506 59 00 00	**--Друго**	7
	-Топки, освен топки за голф и топки за пинг-понг:	
9506 61 00 00	**--За тенис на трева**	7
9506 62	**--На надувување:**	
9506 62 10 00	---Од кожа	7
9506 62 90 00	---Друго	7
9506 69	**--Друго:**	
9506 69 10 00	---Топки за крикет и поло	7
9506 69 90 00	---Друго	7
9506 70	**-Лизгалки и ролшуи, вклучувајќи и чевли со прицврстени лизгалки или ролшуи:**	
9506 70 10 00	--Лизгалки	7
9506 70 30 00	--Ролшуи	7
9506 70 90 00	--Делови и прибор	7
	-Друго:	
9506 91	**--Производи и опрема за општа физичка вежба за гимнастика или атлетика:**	
9506 91 10 00	---Гимнастички справи за вежбање со механизам за прилагодување	7
9506 91 90 00	---Друго	7
9506 99	**--Друго:**	
9506 99 10 00	---Опрема за крикет и поло, освен топки	7

9506 99 90 00	---Друго	7
9507	**Стапови, јадици и друг прибор за риболов; мрежа за извлекување на фатени риби; "птици" за мамење (освен оние од тар. број 9208 или 9705) и слични реквизити за лов или стрелаштво:**	
9507 10 00 00	**-Стапови за риболов**	7
9507 20	**-Јадици, вклучувајќи и стракови:**	
9507 20 10 00	--Јадици, немонтирани	7
9507 20 90 00	--Друго	7
9507 30 00 00	**-Чекреци за риболов**	7
9507 90 00 00	-Друго	7
9508	**Вртелешки, лулки, стрелишта и други панаѓурски разоноди; патувачки циркуси, патувачки менажерии; патувачки театри**	
9508 10 00 00	*- Патувачки циркуси и патувачки менажерии*	10
9508 90 00 00	*-Друго*	10

ГЛАВА 96

РАЗНИ ПРОИЗВОДИ

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

(а) моливи за козметички или тоалетни намени (Глава 33);

(б) производи од Глава 66 (на пример, делови на чадори или бастуни);

(в) имитации на накит (тар. број 7117);

(г) делови за општа употреба, дефинирани во забелешката 2 кон Оддел XV, од прост метал (Оддел XV), или слични производи од пластични маси (Глава 39);

(д) ножарски или други производи од Глава 82 со рачка или со други делови од материјали за резбарење или обликување; меѓутоа, тар. број 9601 или 9602 опфаќаат посебно испорачани рачки или други делови на такви производи;

(ѓ) производи од Глава 90 (на пример, рамки за очила (тар. број 9003), пера (со држачи) за извлекување на линии (тар. број 9017), специјални четки за забарство или за медицински, хируршки или ветеринарски намени (тар. број 9018));

(е) производи од Глава 91 (на пример, кутии за часовници);

(ж) музички инструменти или делови или нивен прибор (Глава 92);

(з) производи од Глава 93 (оружје и делови);

(ѕ) производи од глава 94 (на пример, мебел, ламби и светлечки тела);

(и) производи од Глава 95 (играчки, реквизити за игра и спорт); или

(ј) предмети на колекции или на старини (Глава 97).

2. Во тар. број 9602 под поимот "материјал од растително или минерално потекло за резбарење" се подразбираат:

(а) тврди плодови, семиња, семки, лушпи и сличен материјал од растително потекло за резбарење (на пример, од коризо и дум-вид);

(б) килибар, морска пена, агломериран килибар и агломерирана морска пена, гарат и минерални замени за гарат.

3. Во тар. број 9603, под поимот "подготвени јазли и подврски за изработка на метали и четки" се подразбираат само немонтирани јазли и подврски од животински влакна, растителни влакна или од друг материјали, подготвени за изработка без делба во метли или четки, или кој бара само помала натамошна доработка, како што е сечење на врвот заради дотерување за вградување.

4. Производите од оваа глава, освен оние од тар. броеви 9601 до 9606 или 9615, се распоредуваат во оваа глава без оглед на тоа дали се или не се целосно или делумно составени од благородни метали или метал платиниран со благороден метал, од природни или одгледувани бисери, од бесценети или полубесценети камења (природни, синтетички или реконструирани). Меѓутоа, тар. броеви 9601 до 9606 или 9615 ги опфаќаат производите во кои природните или одгледуваните бисери, бесценетите или полубесценетите камења (природни, синтетички или реконструирани), благородниот метал или металот платиниран со благороден метал сочинуваат само незначителен составен дел.

9601	**Слонова коска, коска, желковина, рог, парошки, корал, седеф и други материјали за резбарења од животинско потекло, обработени, и производи од тие материјали (вклучувајќи и производи добиени со обликување):**	
9601 10 00 00	**-Обработена слонова коска и производи од слонова коска**	25
9601 90	**-Друго:**	
9601 90 10 00	--Обработен корал (природен или агломериран), и производи од корали	25
9601 90 90 00	--Друго	25
9602 00	**Обработени материјали од растително или минерално потекло за резбарење и производи од тие материјали; производи обликувани или резбарени од восок, стеарин, природни гуми или природни смоли или од маса за моделирање, и други обликувани или резбарени производи, на друго место неспомнати ниту опфатени; обработен, нестврднат желатин (освен желатинот што се распоредува во тар. број 3503) и производи од нестврднат желатин:**	
9602 00 00 10	-Капсули од желатин за фармацевтски намени	2
9602 00 00 90	-Друго	25
9603	**Метли, четки (вклучувајќи и четки што претставуваат делови на машини, апарати или возила), механички направи за чистење на под, што се држат во рака, без мотор, павтала и перушки; подготвени јазли и подврски за изработка на метли или четки; влошки и ваљаци за бојосување; бришачи за подови, прозорци и сл. (освен бришачи за валјак):**	
9603 10 00 00	**-Метли и четки кои се состојат од честак или од друг растителен материјал поврзан, со или без рачки**	25
	-Четчиња за заби, четчиња за бричење, четки за коса, четки за нокти, четки за трепки и други тоалетни четки, за лична тоалета, вклучувајќи четки што преставуваат делови од апарати:	
9603 21 00 00	**--Четчиња за заби, вклучувајќи четчиња за забни протези**	20
9603 29	**--Друго:**	
9603 29 30 00	---Четки за коса	25
9603 29 80 00	---Друго	25
9603 30	**-Четчиња за уметници, четчиња за пишување и слични четчиња за нанесување козметика:**	
9603 30 10 00	--Четчиња за уметници и четчиња за пишување	25
9603 30 90 00	--Четчиња за нанесување козметика	25
9603 40	**-Четки за бојосување, лакирање или слично (освен четки од тар. подброј 9603 30); влошки и валјаци за бојосување:**	
9603 40 10 00	--Четки за боење, лакирање или слично	25
9603 40 90 00	--Влошки и валјаци за бојосување	25
9603 50 00 00	**-Други четки што преставуваат делови на машини, апарати или на возила**	25
9603 90	**-Друго:**	
9603 90 10 00	--Механички направи за чистење на под, кои се држат во рака, без мотор	25
	--Друго:	
9603 90 91 00	---Четки за чистење улици; четки и метли за домаќинство, вклучувајќи и четки за чевли и облека; четки за тимарење на животни	25
9603 90 99 00	---Друго	25
9604 00 00 00	**Рачни сита и рачни решета**	23
9605 00 00 00	**Патни сетови (несесери) за лична тоалета, шиење или за**	23

	чистење на чевли или облека	
9606	**Копчиња, копци, копчиња за пресвлекување и други делови од овие производи; недовршени копчиња:**	
9606 10 00 00	**-Копци и нивни делови**	20
	-Копчиња:	
9606 21 00 00	**--Од пластична маса, непресвлечени со текстилен материјал**	20
9606 22 00 00	**--Од прости метали, непресвлечени со текстилен материјал**	20
9606 29 00 00	**--Други**	20
9606 30 00 00	**-Копчиња за пресвлекување и други делови од копчиња; недовршени копчиња**	20
9607	**Патент затворачи и нивни делови:**	
	-Патент затворачи:	
9607 11 00 00	**--Со запци од прости метали**	15
9607 19 00 00	**--Други**	15
9607 20	**-Делови:**	
9607 20 10 00	--Од прости метали, вклучувајќи тесни ленти, опточени со низа од запци од прости метали	15
9607 20 90 00	--Друго	15
9608	**Пенкала; фломастери и маркери со врв од филц или од друг порозен материјал; налив пера и слични пера; пера за копирање; патент-моливи; држалки за перца, држалки за моливи и слични држалки; делови (вклучувајќи и капи и клипсови) на наведените производи, освен оние од тар. број 9609:**	
9608 10	**-Пенкала:**	
9608 10 10 00	--Со течно мастило (со ротирачка кугличка-roller ball)	12
	--Друго:	
9608 10 30 00	---Со тело или поклопка од бесценети метали или превлечени со бесценети метали	12
	---Друго:	
9608 10 91 00	----Со изменлива влошка	12
9608 10 99 00	----Друго	12
9608 20 00 00	**-Фломастери и маркери со врв од филц или од друг порозен материјал**	15
	-Налив перо и слични пера:	
9608 31 00 00	**--За цртање со туш**	15
9608 39	**--Друго:**	
9608 39 10 00	---Со тело или поклопка од бесценети метали или превлечени со бесценети метали	15
9608 39 90 00	---Друго	15
9608 40 00 00	**-Патент-моливи**	12
9608 50 00 00	**-Сетови на производи од два или повеќе претходни подброеви**	15
9608 60	**-Влошки за пенкала:**	
9608 60 10 00	--Со течно мастило (со ротирачка кугличка-roller ball)	15
9608 60 90 00	--Друго	15
	-Друго:	
9608 91 00 00	**--Пера и нивни врвови**	15
9608 99	**--Друго:**	
9608 99 10 00	---Дршки за пера, дршки за пенкала и слични дршки	15
	---Друго:	
9608 99 92 00	----Од метал	15
9608 99 98 00	----Друго	15
9609	**Моливи (освен моливите од тар. број 9608), писалки, мини за моливи, пастели, јаглен за цртање, креди за пишување или цртање и кројачки креди:**	
9609 10	**-Моливи и писалки, со мина затворена во цврста обвивка:**	
9609 10 10 00	--Со мина од графит	12
9609 10 90 00	--Друго	12
9609 20 00 00	**-Мини за моливи, црни или во боја**	12
9609 90	**-Друго:**	
9609 90 10 00	--Пастели и јаглен за цртање	12
9609 90 90 00	--Друго	12
9610 00 00 00	**Таблици и табли за пишување или цртање, врамени или неврамени**	15
9611 00 00 00	**Датумари, жигови и нумератори и слично (вклучувајќи и**	12

	справи за печатење или втиснување на етикети), предвидени за работа во рака; рачни сложувалки и гарнитури за печатење што содржат такви сложувалки	
9612	**Ленти за машини за пишување или слични ленти, натопени со печатрска боја или поинаку подготвени за давање на отпечатоци, вклучувајќи и на калеми или во патрони; перничиња за жигови, натопени или ненатопени, со или без кутија:**	
9612 10	**-Ленти (рибони):**	
9612 10 10 00	--Од пластични маси	15
9612 10 20 00	--Од вештачки или синтетички материјали, со ширина помала од 30 мм, перманентно поставени во метални или пластични кутии, за употреба во автоматски машини за пишување, автоматски машини за обработка на податоци и други машини	15
9612 10 80 00	--Друго	15
9612 20 00 00	**-Перничиња за жигови**	15
9613	**Запалки за цигари и други запалки, вклучувајќи и механички или електрични, и нивни делови, освен кремен и фитил:**	
9613 10 00 00	**-Џебни запалки, на гас, што не можат повторно да се полнат**	25
9613 20	**-Џебни запалки, на гас, што можат повторно да се полнат:**	
9613 20 10 00	--Со електрично палење	25
9613 20 90 00	--Со друг систем на палење	25
9613 80 00 00	**-Други запалки**	25
9613 90 00 00	**-Делови**	25
9614	**Лулиња за пушење (вклучувајќи и глави од лулиња) и чибуци за пури или цигари, и нивни делови:**	
9614 20	**-Лулиња и глави на лулиња:**	
9614 20 20 00	--Грубо обликувани форми на дрво или корења, за производство на лулиња за пушење	25
9614 20 80 00	--Друго	25
9614 90 00 00	**-Друго**	25
9615	**Чешли, фуркети за коса и слично; шноли, игли за локни, држачи за локни, виклери за коса и слично, освен оние од тар. број 8516, и нивни делови:**	
	-Чешли, фуркети за коса и слично:	
9615 11 00 00	**--Од тврда гума или пластична маса**	12
9615 19 00 00	**--Друго**	12
9615 90 00 00	**-Друго**	15
9616	**Прскалки за мириси и слични тоалетни прскалки, уреди и глави за нив; пудра-пуфни и перничиња за нанесување козметички или тоалетни препарати:**	
9616 10	**-Прскалки за мириси и слични тоалетни прскалки, уреди и глави за нив:**	
9616 10 10 00	--Прскалки за мириси	15
9616 10 90 00	--Делови и глави	15
9616 20 00 00	**-Пудра-пуфни и перничиња за нанесување на козметички или на тоалетни препарати**	15
9617 00	**Термос-шишиња и други термос-садови, со вакумска изолација, комплет со футрола; нивни делови, освен стаклени влошки:**	
	-Термос шишиња и други термос садови, комплет со футрола, со зафатнина:	
9617 00 11 00	--Што не надминува 0,75 л	12
9617 00 19 00	--Што надминува 0,75 л	12
9617 00 90 00	-Делови (освен стаклени влошки)	12
9618 00 00 00	**Кројачки кукли и други фигури за изложување; автомати и други подвижни (анимирани) фигури за аранжирање на излози**	20

ОДДЕЛ XXI

ПРЕДМЕТИ НА УМЕТНОСТА, НА КОЛЕКЦИИ И СТАРИНИ

ГЛАВА 97

ПРЕДМЕТИ НА УМЕТНОСТА, НА КОЛЕКЦИИ И СТАРИНИ

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

(а) неупотребени поштенски или таксени марки, отпечатени франкирани писмоносни пратки и слично, од тар. број 4907;

(б) театарски кулиси, заднински платна за студија или слично, од молирано и насликано платно (тар. број 5907) освен ако можат да се распоредат во тар. број 9706; или

(в) бисери, природни или одгледувани, или бесценети или полубесценети камења (тар. броеви 7101 до 7103).

2. Во смисла на тар. број 9702, под поимот "оригинални гравури, печатени слики и литографи" се подразбираат отпечатоци произведени директно, во црно-бела или колор техника, на една или повеќе плочи, пано или секции во целост изработени со рака на уметник, без оглед на постапката или материјалот употребен за тоа, но исклучувајќи кој и да е механички или фотомеханички процес на изработка.

3. Тар. број 9703 не опфаќа масовно произведени репродукции или дела (склуптури и кипови) на вообичаено мајсторство од комерцијален карактер, дури и ако овие производи се изработени од страна на уметници.

4. (а) Согласно со забелешките 1, 2 и 3 кон оваа глава, предметите од оваа глава се распоредуваат во оваа глава и не се распоредуваат во ниедна друга глава на Номенклатурата.

(б) Тар. број 9706 не опфаќа предмети што се распоредуваат во кој и да е друг тарифен број од оваа глава.

5. Рамките за слики, цртежи, пастели, колажи или за слични декоративни плочи, гравурите, печатените слики или литографиите се распоредуваат со овие предмети, под услов да се од таков вид и со нормална вредност во однос на тие предмети.
Рамките што не се од таков вид или со таква вредност кои се нормални за предметите наведени во оваа забелешка, се распоредуваат посебно.

9701	**Слики, цртежи и пастели, изработени во целост со рака, освен цртежите од тар. број 4906 и другите рачно боени или рачно украсени занаетчиски производи; колаж и слични декоративни плочи:**	
9701 10 00 00	**-Слики, цртежи и пастели**	7
9701 90 00 00	**-Друго**	7
9702 00 00 00	**Оригинални гравури, печатени слики и литографии**	7
9703 00 00 00	**Оригинални скулптури и бисти, од било кој материјал**	7
9704 00 00 00	**Поштенски или таксени марки, пригодни коверти, пригодни пратки од прв ден, печатени франкирани писмоносни пратки, и слично, *упот ребени, или не упот ребени , освен оние од т ар. број 4907***	7
9705 00 00 00	**Колекции и примероци од зоолошки, ботанички, минералошки, анатомски, историски, археолошки, палеонтолошки, етнографски или нумизматички интерес**	7
9706 00 00 00	**Антиквитети (старини), стари повеќе од 100 години**	7

1803.

ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРОТОКОЛ ЗА АДАПТАЦИЈА НА ТРГОВСКИТЕ АСПЕКТИ ОД СПОГОДБАТА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОД ЕДНА СТРАНА И ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НЕЈЗИНИТЕ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ, ОД ДРУГА СТРАНА, СО РЕЗУЛТАТОТ ОД ПРЕГОВОРИТЕ ПОМЕЃУ ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ВЗАЕМНИ ПОВЛАСТИЦИ ЗА НЕКОИ ВИНА, ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА ВИНАТА И ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА АЛКОХОЛНИ И АРОМАТИЗИРАНИ ПИЈАЛОЦИ*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во натамошниот текст "Република Македонија", од една страна, и

ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА, во натамошниот текст "Заедницата", од друга страна,

во натамошниот текст "Договорни страни",

СО ОГЛЕД ДЕКА Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија, од една страна и Европската Заедница, од друга страна беше потпишана во Луксембург на 9 април 2001 година со размена на писма,

СО ОГЛЕД ДЕКА членот 27(4) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација одредува дека треба да се преговара за спогодба за вино и алкохолни пијалоци,

СО ОГЛЕД ДЕКА Времената спогодба, која гарантира развој на трговските врски преку создавање на договорен однос кој ги имплементира одредбите од Спогодбата за стабилизација и асоцијација во однос на трговијата и трговските прашања со придружните мерки, стапи на сила на 1 јуни 2001 година. Членот 14(4) од Времена спогодба ја повторува обврската за склучување посебна спогодба за вино и алкохолни пијалоци,

СО ОГЛЕД ДЕКА врз таа основа помеѓу договорните страни беа спроведени и завршени преговорите,

СО ОГЛЕД ДЕКА со цел за обезбедување доследност на севкупниот процес на стабилизација, спогодбата за вино и алкохолни пијалоци треба да биде интегрирана во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во форма на протокол,

СО ОГЛЕД ДЕКА овој Протокол за вино и алкохолни пијалоци треба да стапи на сила на истата дата кога и Спогодбата за стабилизација и асоцијација,

СО ОГЛЕД ДЕКА заради тоа е неопходно што е можно побрзо да се применат одредбите од овој протокол,

САКАЈЌИ да ги подобрат условите за промет со вина, алкохолни и ароматизирани пијалоци на нивните пазари, во согласност со принципите за квалитет, меѓусебна полза и реципроцитет,

ЗЕМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД интересот на обете договорни страни за взаемна заштита и контрола на имињата на вината, и имињата на алкохолните и ароматизираните пијалоци,

СЕ СОГЛАСИЈА ЗА СЛЕДНОТО:

Член 1

Овој Протокол ги вклучува следните елементи:

(1) спогодба за доделување взаемни трговски повластици за некои вина (Анекс I од овој Протокол)

(2) спогодба за взаемно признавање, заштита и контрола на имињата на вината (Анекс II од овој Протокол)

(3) спогодба за взаемно признавање, заштита и контрола на имињата на алкохолни и ароматизирани пијалоци (Анекс III од овој Протокол).

Листите наведени во член 5 од Спогодбата од точка (2) и во членот 5 од Спогодбата од точка (3) погоре ќе бидат утврдени дополнително и одобрени согласно процедурата предвидена во членовите 13 и 14 од овие спогодби.

Член 2

Овој Протокол и неговите анекси претставуваат составен дел од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Член 3

Овој Протокол ќе биде одобрен од страна на Република Македонија и Заедницата во согласност со нивните сопствени процедури. Договорните страни ќе ги преземат неопходните мерки за имплементација на протоколот.

Договорните страни меѓусебно ќе се известуваат за завршувањето на соодветните процедури согласно првиот став од овој член.

Член 4

Овој протокол стапува на сила на истата дата кога и Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Член 5

Овој Протокол е составен во дупликат на секој од официјалните јазици на двете договорни страни и секој од тие текстови е еднакво веродостоен.

Во , на

За Република Македонија За Европската Заедница

АНЕКС I

СПОГОДБА

ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ВЗАЕМНИ ТРГОВСКИ ПОВЛАСТИЦИ ЗА НЕКОИ ВИНА

1. Увозот во Заедницата на следните производи кои потекнуваат од Република Македонија ќе подлежат на повластиците наведени подолу:

шифра на КН (комбинирана номенклатура)	Опис	Применливи давачки	количини за 2002 година (hl)	годишни прилагодувања (hl)	Посебни одредби
од 2204 10 од 2204 21	Квалитетни пенливи вина Вина од свежо грозје	слободно	15 000	+6 000	(1)
од 2204 29	Вина од свежо грозје	слободно	285 000	-6 000	(1)

(1) На барање на една договорна страна може да се одржат консултации за прилагодување на квотите со префрлување на количините над износот од 6.000 hl од квотата која се применува за од 2204 29, во квотата која се применува за од 2204 10 и од 2204 21.

2. Заедницата доделува повластена нулта-давачка во рамките на тарифните квоти споменати под точка 1, под услов Република Македонија да не исплаќа никакви извозни субвенции при извозот на овие количини.

* Одлуката за одобрување на Дополнителниот протокол за вино и алкохолни пијалоци кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки Бр. 23-7294/1 од 25 декември 2001 година е објавена во бр. 103 од 28 декември 2001 година на страна 5419.

3. Увозот во Република Македонија на следните производи кои потекнуваат од Заедницата ќе подлежат на повластиците наведени подолу:

Тарифна царинска шифра на РМ	Опис	Применливи давачки	количини за 2002 година (hl)	годишно покачување (hl)	Посебни одредби
од 2204 10 од 2204 21	Квалитетни пенливи вина Вина од свежо грозје	слободно	3 000	300	

4. Република Македонија доделува повластена нулта-давачка во рамките на тарифните квоти од точка 3, под услов Заедницата да не исплаќа никакви извозни субвенции при извоз на овие количини.

5. Оваа Спогодба се однесува на вино:

(а) кое е произведено од свежо грозје произведено и обрано целосно на територијата на договорната страна за која станува збор, и

(б) (i) по потекло од ЕУ, кое е произведено во согласност со правилата за енолошка практика и процеси наведени во глава V од Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 1493/1999 од 17.5.1999 година за заедничката организација на пазарот со вино*;

(ii) по потекло од Република Македонија, кое е произведено во согласност со правилата за енолошка практика и процеси согласно законите на Република Македонија. Овие енолошки правила треба да се усогласени со легислативата на Заедницата.

6. Увозот на вино во рамки на повластиците предвидени во оваа спогодба подлежи на презентација на цертификат издаден од официјално тело признато од двете страни, а кое е наведено на заеднички составените листи, со кој се потврдува дека тоа вино е во согласност со одредбите на точка 5(б).

7. Договорните страни не подоцна од првото тримесечие на 2005 година, ќе ги разгледаат можностите за доделување понатамошни взаемни повластици земајќи го предвид развојот на трговијата со вино помеѓу договорните страни.

8. Договорните страни гарантираат дека повластиците кои меѓусебно си ги доделија не се доведуваат во прашање со други мерки.

9. Консултации за секој проблем кој е во врска со примената на оваа Спогодба се одржуваат на барање на една од договорните страни.

10. Оваа Спогодба се применува, на територијата на Република Македонија, од една страна, и на териториите на кои се применува Договорот за основање на Европската Заедница и под условите предвидени во тој договор, од друга страна.

АНЕКС II

СПОГОДБА

ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА ВИНАТА

Член 1

ЦЕЛИ

1. Договорните страни се согласуваат, во согласност со принципите за недискриминација и реципрочност, да ги признаат, заштитуваат и контролираат имињата на вината кои потекнуваат од нивната територија под условите наведени во оваа Спогодба.

2. Договорните страни ги преземаат сите општи и посебни мерки неопходни за да се гарантира почитување на обврските поставени во оваа Спогодба и дека се постигнати нејзините цели.

Член 2

ДОМЕТ И ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Оваа Спогодба ќе се применува на вината опфатени во ставката 2204 од Меѓународната конвенција за хармонизиран систем на опис и шифрирање на стоки ("Хармонизиран систем"), потпишана во Брисел на 14 јуни 1983 година.

Член 3

ДЕФИНИЦИИ

За целите на оваа Спогодба, освен онаму каде е поинаку предвидено, се подразбира дека изразите:

(а) "вино по потекло од" проследено со името на една од договорните страни значи вино произведено на територијата на споменатата договорна страна, од грозје кое е обрано само на нејзината територија;

(б) "географска ознака" значи секоја ознака, вклучувајќи и "име на потеклото", како што е дефинирано во членот 22(1) од Договорот за трговските аспекти на правата за интелектуална сопственост (во понатамошниот текст "TRIPs Договор"), која е призната со законите и регулативите на договорната страна за опишување и претставување на вино кое потекнува од територијата на таа договорна страна;

(в) "традиционален израз" значи традиционално користено име, како што е наведено во Анексот, кое се однесува особено на методот на производство или на квалитетот, бојата или типот на вино кој е доволно карактеристичен и/или со создадена репутација и признат со законите и регулативите на договорната страна за опишување и претставување на такво вино кое потекнува од територијата на таа договорна страна;

(г) "заштитено име" значи географска ознака или традиционален израз дефиниран во ставовите (б) и (в) соодветно, која е заштитена според оваа Спогодба;

(д) "хомонимно" значи идентично заштитено име или име кое е толку слично за да може да предизвика забуна, да означува различни места на потекло или различни вина кои потекнуваат од соодветните територии на договорните страни;

(ѓ) "опис" значи зборови кои се користат за да се опише едно вино на етикета или во документи кои го придружуваат тоа вино при транспортот, во трговски документи, особено на фактури и известувања за испорака, како и при рекламирање;

(е) "етикетирање" значи збир на сите описи и други упатувања, знаци, илустрации или трговски ознаки кои го идентификуваат виното и се појавуваат на садот, вклучувајќи ја и направата за затворање или на етикетата која е закачена и на обвитката на грлото на шишињата;

(ж) "претставување" значи зборови или знаци кои се користат на садовите и на направите за нивното затворање, на етикетажот или на пакувањето;

(з) "пакување" значи заштитна амбалажа како што е хартија, сламени омот и од секаков вид, картони и кутии, кои се користат за транспорт на една или повеќе садови и/или за нивна презентација заради продажба на крајниот потрошувач;

(ѕ) "трговска ознака" значи:

- трговска ознака регистрирана според легислативата на договорната страна,

* Сл. весник Л 179, 14.7.1999, стр. 1. Регулатива, последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2862/2000 (Сл. весник Л 328, 23.12.2000, стр. 2)

- општа законска ознака која е призната според законот на договорната страна, и
- добро позната трговска ознака дефинирана во членот 6bis од Парискатa Конвенција за Заштита на индустриска сопственост (1967).

ГЛАВА I

ВЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИМИЊАТА НА ВИНАТА

Член 4

ПРИНЦИПИ

1. Без влијание врз одредбите од членовите 22 и 23 од Договорот за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост (TRIPs), наведени во Анекс 1C од Договорот за основање на Светската трговска организација, страните ќе ги преземат сите неопходни мерки, во согласност со овој анекс, за да гарантираат взаемна заштита на имињата дефинирани во членот 5 кои се користат за опишување и претставување на вината кои потекнуваат од територијата на договорните страни. За таа цел, секоја договорна страна на заинтересираните страни им доставува соодветни правни средства заради гарантирање на ефикасна заштита и за спречување на користење на географски ознаки и традиционални изрази за идентификација на вината кои не се покриени со соодветни индикации или описи.

2. Во Република Македонија, заштитените имиња на Заедницата:

(а) се резервирани исклучиво за вината со потекло од Заедницата за кои истите се применуваат, и

(б) може да се користат само под условите предвидени во законите и регулативите на Заедницата.

3. Во Заедницата, заштитените имиња на Република Македонија:

(а) се резервирани исклучиво за вина со потекло од Република Македонија за кои истите се применуваат, и

(б) може да се користат само под условите предвидени во законите и регулативите на Република Македонија.

4. Заштитата предвидена со оваа Спогодба особено забранува било каква употреба на заштитените имиња за вина кои не потекнуваат од географската област која е назначена или од местото каде изразот се користи традиционално, и ќе се применува дури и кога:

- е назначено вистинското потекло на виното,
- географската ознака се користи во превод,
- името е придружено со термини како што се "вид", "тип", "стил", "имитација", "метод" или други аналогни изрази.

5. Во случај на хомонимни географски ознаки:

(а) кога заштитените ознаки според оваа Спогодба се хомонимни, заштитата се доделува за секоја ознака, доколку таа се користи традиционално и постојано и ако потрошувачите не се измамени за вистинското потекло на виното;

(б) кога заштитените ознаки според оваа Спогодба се хомонимни со името на географска област која е надвор од територијата на Страните, тоа име може да се користи за да го опише и претстави виното произведено во географската област на која се однесува името, доколку тоа се користи традиционално и постојано, неговата употреба за таа цел е регулирана од страна на земјата на потекло и ако потрошувачите не се измамени да веруваат дека виното потекнува од територијата на Страната за која станува збор.

6. Во случај на хомонимни традиционални изрази:

(а) кога таквите изрази заштитени со оваа Спогодба се хомонимни, за секој израз ќе биде доделена заштита, доколку изразот се користи традиционално и постојано а потрошувачите не се измамени за вистинското потекло на виното;

(б) кога таквите изрази заштитени со оваа Спогодба се хомонимни со име кое се користи за вино што не потекнува од територијата на Страните, тоа име може да се користи за да го опише и претстави виното, доколку тоа се користи традиционално и постојано, неговата употреба за таа цел е регулирана од страна на земјата на потекло и потрошувачите не се измамени да веруваат дека виното потекнува од територијата на Страната за која станува збор.

7. Комитетот за стабилизација и асоцијација може со своја одлука да ги одреди практичните правила за употреба кои ќе овозможуваат разликување помеѓу спорните хомонимни ознаки или изрази наведени во став 5 и 6, имајќи ја предвид потребата праведно да се третираат производителите за кои станува збор и да се гарантира дека потрошувачите не се измамени.

8. Одредбите од оваа Спогодба во никој случај не го оштетуваат правото на секое лице да го користи, во трговијата, своето име или името на неговиот претходник во бизнисот, под услов таквото име да не се користи на начин кој ќе ги измами потрошувачите.

9. Ништо од оваа Спогодба не ја обврзува договорната страна да ги заштитува географските ознаки или традиционалните изрази на другата договорна страна кои не се или престанале да бидат заштитувани нејзината земја на потекло или кои отпаднале од употреба во таа земја.

10. Договорните страни се откажуваат од своето право да се повикуваат на член 24(4) до (7) од TRIPs Договорот со цел да одбијат заштита на име на другата договорна страна, за производите опфатени со оваа Спогодба.

Член 5

ЗАШТИТЕНИ ИМИЊА

Во поглед на вино кое потекнува од Република Македонија и од Заедницата, ќе бидат заштитени имињата наведени во листите составени во согласност со член 14, став 2(а).

Член 6

ТРГОВСКИ ОЗНАКИ

1. Регистрирањето на трговска ознака за вино која содржи или претставува заштитено име според оваа Спогодба ќе биде одбиено, или, на барање на засегнатата страна, е неважечко доколку:

- виното кое е во прашање не потекнува од местото на кое се однесува географската ознака

или, во случај кога

- виното кое е во прашање не е она за кое е резервиран традиционалниот израз.

2. Сепак, трговската ознака регистрирана со добра намера најдоцна до 31 декември 1995 година може да се користи се до 31 декември 2005 година, доколку истата била во константна употреба од нејзината регистрација.

Член 7

ИЗВОЗ

Договорните страни ги преземаат сите мерки неопходни за да осигураат дека во случаи кога винаа кои потекнуваат од Договорните страни се извезени и пуштени во промет надвор од нивните територии, заштитените имиња на едната од договорните страни наведени во член 5 не се користат за да опишат и претстават вино кое потекнува од другата договорна страна.

Член 8

ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА

Користа од заштитата доделена со оваа Спогодба се проширува на физички и правни лица, сојузи, асоцијации и организации на производители, трговци или потрошувачи чии главни седишта се лоцирани на територијата на другата договорна страна, до оној степен до кој дозволува релеватната легислатива на договорните страни.

Член 9

ПРИМЕНА

1. Доколку надлежната служба, именувана во согласност со член 11, констатира дека описот или претставувањето на виното, особено во етикетажата, во официјални или трговски документи или при рекламирање, претставуваат повреда на оваа Спогодба, договорните страни преземаат неопходни административни мерки и/или започнуваат законска постапка за борба против нелојална конкуренција или за спречување на незаконска употреба на заштитено име на било кој друг начин.

2. Мерките и постапките наведени во став 1 ќе бидат преземени во следните случаи:

(а) кога преводот на описите предвидени со легислативата на Заедницата или на Република Македонија на јазикот или јазиците на другата договорна страна резултира со појава на збор кој може да доведе до грешка во поглед на потеклото, природата или квалитетот на виното кое е така опишано или претставено;

(б) кога описите, трговските ознаки, имињата, написите или илустрациите кои директно или индиректно даваат лажни или измамливи информации во поглед на потеклото, природата, сортите на винова лоза или материјалните квалитети на виното се појавуваат на садот или амбалажата, при рекламирање или во официјални или трговски документи кои се однесуваат на винаша чии имиња се заштитени согласно оваа Спогодба;

(в) кога, садовите кои се користат за амбалажа претставуваат измама во поглед на потеклото на виното.

3. Одредбите на став 1 и 2 се применуваат без оглед на дадените можности на физичките и правни лица и ентитети, наведени во член 8 да преземат соодветни мерки на територијата на договорните страни, вклучувајќи и упатување на судови.

Член 10

ДРУГА ИНТЕРНА ЛЕГИСЛАТИВА И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Освен во случаи кога е поинаку договорено помеѓу договорните страни, оваа Спогодба не исклучува доделување поопширна заштита, сега или во иднина, на имињата заштитени со оваа Спогодба, од страна на договорните страни врз основа на нивната интерна легислатива или други меѓународни договори.

ГЛАВА II

КОНТРОЛА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ ПОМЕЃУ НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ

Член 11

НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПРИМЕНА

1. Секоја договорна страна назначува органи надлежни за примената на оваа Спогодба. Кога договорната страна назначува повеќе од еден надлежен орган, таа треба да обезбеди координираност на работата на тие органи. За таа цел, треба да се назначи еден единствен орган.

2. Договорните страни се информираат меѓусебно за имињата и адресите на овие органи не подоцна од два месеци по стапувањето во сила на оваа Спогодба. Треба да постои блиска и директна соработка помеѓу овие органи.

Член 12

ПОВРЕДА

1. Доколку некој од органите наведени во членот 11 има причина да се сомнева дека:

(а) вино кое е или било предмет на трговија помеѓу Република Македонија и Заедницата, не ги почитува одредбите на оваа Спогодба или законите и регулативните на договорните страни, и

(б) тоа непочитување е од особен интерес за другата договорна страна и може да биде основа за преземање административни мерки и/или судски постапки,

таа веднаш ја информира Комисијата и надлежниот орган или органите на другата договорна страна.

2. Информациите кои треба да се обезбедат согласно ставот 1 треба да бидат придружени со официјални, трговски или друг вид соодветни документи, со детали за административните мерки или евентуалните судски постапки. Информациите во врска со виното кое е во прашање, треба да се однесуваат особено на:

(а) производителот и лицето кое располага со тоа вино;

(б) составот и органолептичките карактеристики на виното;

(в) неговиот опис и претставување;

(г) природата на направената повреда на правилата за производство и комерцијализација.

ГЛАВА III

УПРАВУВАЊЕ СО СПОГОДБАТА

Член 13

РАБОТНА ГРУПА

1. Се основа работна група која делува во рамките на посебен комитет за земјоделство кој се формира во согласност со член 113 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

2. Работната група се грижи за доброто функционирање на оваа Спогодба и ги разгледува сите прашања во врска со неговата имплементација. Особено, работната група може да даде препораки за подобрување на реализацијата на целите на оваа Спогодба.

Член 14

ЗАДАЧИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

1. Договорните страни, директно или преку работната група дефинирана во член 13, одржуваат контакти за сите прашања поврзани со имплементацијата и функционирањето на оваа Спогодба.

2. Поточно, договорните страни:

(а) со одлука на Комитетот за стабилизација и асоцијација, ги составуваат и менуваат листите наведени во член 5 и протоколот од оваа Спогодба, со цел да се земат предвид сите измени на законите и регулативите на договорните страни;

(б) се информираат меѓусебно за намерата да донесат нови регулативи или измени на постојните регулативи кои се од јавен интерес, како што се заштитата на здравјето или на потрошувачите, кои имаат импликации врз лозаро-винарскиот сектор;

(в) се известуваат меѓусебно за судските одлуки во врска со примената на оваа Спогодба и се информираат меѓусебно за преземените мерки врз основа на таквите одлуки,

3. Во рамките на оваа Спогодба, секоја од странite може да даде сугестии за проширување на полето на нивната соработка во врска со лозаро-винарскиот пазар, земајќи го предвид искуството стекнато во досегашната примена.

4. Одлуките донесени во смисла на ставот 2(а) од овој член се задолжителни за страните кои се обврзани да превземат мерки за нивно извршување.

ГЛАВА IV

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 15

ТРАНЗИТ - МАЛИ КОЛИЧИНИ

Оваа Спогодба не се однесува на винаша кои:

(а) поминуваат во транзит преку територијата на договорните страни, или

(б) потекнуваат од територијата на една од договорните страни и се разменуваат во мали количини помеѓу нив под условите и согласно со постапките предвидени во овој протокол.

Член 16

ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРИМЕНА

Оваа Спогодба се применува на територијата на Република Македонија, од една страна и на територите на кои се применува Договорот за основање на Европската Заедница и според условите поставени во тој договор, од друга страна.

Член 17

НЕИСПОЛНУВАЊЕ

1. Договорните страни се консултираат доколку едната од нив смета дека другата не исполнила некоја обврска од оваа Спогодба.

2. Договорната страна која бара консултации ѝ ги доставува на другата страна сите информации потребни за детално испитување на случајот за кој станува збор.

3. Во случаи кога било какво одложување би можело да го загрози човековото здравје или да ја намали ефикасноста на мерките во борбата против измами, може да се преземат привремени заштитни мерки без претходна консултација, под услов консултациите да започнат веднаш по преземањето на тие мерки.

4. Доколку, по консултациите предвидени во став 1 и 3, договорните страни не постигнат договор, страната која побарала консултации или која презела мерки дефинирани во став 3 може да преземе соодветни заштитни мерки за да овозможи правилна примена на оваа Спогодба.

Член 18

ПРОДАЖБА НА ПРЕТХОДНИ ЗАЛИХИ

1. Вината, кои во моментот на стапување во сила на оваа Спогодба биле произведени, подготвени, опишани и претставени во согласност со интерните закони и регулативи на договорните страни но на начин забранет со оваа Спогодба, може да се продаваат се до исцрпување на залихите.

2. Освен во случаи кога договорните страни усвојат спротивни одредби, вината кои биле произведени, подготвени, опишани и претставени во согласност со оваа Спогодба, но чие производство, подготовка, опис и претставување престане да биде во согласност со Спогодбата поради измена на Спогодбата, може да продолжат да се продаваат се до исцрпување на залихите.

ПРОТОКОЛ КОН СПОГОДБАТА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА ВИНАТА

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ СЕ СОГЛАСИЈА ЗА СЛЕДНОТО:

Согласно член 15(б) од Спогодбата, следните количини на вино се сметаат за мали:

1. количини ставени во садови со волумен до 5 литри, етикетирани и снабдени со направа за затворање која не може повторно да се користи, и кога вкупната транспортирана количина, без оглед дали е составена од одделни пратки, не надминува 50 литри;

2. (а) количини кои се составен дел од личен багаж на патници не поголеми од 30 литри;

(б) количини кои се испратени во пратки од една до друга индивидуа не поголеми од 30 литри;

(в) количини кои се составен дел на личните предмети на индивидуи кои се преселуваат;

(г) количини увезени за цели на научни или технички експерименти, од максимум 1 хектолитар;

(д) количините наменети за дипломатски, конзуларни или слични претставништва, увезени без давачки кои им се доделени;

(ѓ) количините кои се чуваат како намирници во интернационални транспортни средства;

Случајот на ослободување наведен во став 1 не може да се кумулира со еден или повеќе случаи на ослободување наведени во став 2.

АНЕКС III

СПОГОДБА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА АЛКОХОЛНИ И АРОМАТИЗИРАНИ ПИЈАЛОЦИ

Член 1

ЦЕЛИ

1. Договорните страни се согласни, врз основа на принципите за недискриминација и реципроцитет, да ги признаат, заштитуваат и контролираат имињата на алкохолните и ароматизираните пијалоци кои потекнуваат од нивните територии, под условите наведени во овој анекс.

2. Договорните страни ги преземаат сите неопходни, општи и посебни мерки за почитување на обврските и реализацијата на целите утврдени во оваа Спогодба.

Член 2

ДОМЕТ И ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Оваа Спогодба се однесува на следните производи:

(а) Алкохолни пијалоци кои се дефинирани:

- за Заедницата, во Регулативата на Советот (ЕЕЦ) бр. 1576/89 од 29.5.1989 што ги определува општите правила за дефиниција, опис и претставување на алкохолните пијалоци, [1]

- за Република Македонија, во Регулативата за квалитет на алкохолни пијалоци (Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија бр. 16/88), со последна измена во Регулативата за квалитет на алкохолни пијалоци (Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија бр. 63/88),

а кои се опфатени во тарифниот број 2208 од Меѓународната конвенција за хармонизиран систем за опис и шифрирање на стоки, потпишана во Брисел на 14 јуни 1983 година;

(б) Ароматизирани вина, ароматизирани пијалоци на база на вино и ароматизирани коктели од лозаровинарски производи, во понамошниот тест "ароматизирани пијалоци", како што се дефинирани:

- за Заедницата, во Регулативата на Советот (ЕЕС) бр. 1601/1991 од 10.06.1991 што ги определува општите правила за дефиниција, опис и претставување на ароматизирани вина, ароматизирани пијалоци на база на вино и ароматизирани коктели од лозаровинарски производи[1],

- за Република Македонија, во регулативата за квалитет на вина (Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија бр. 17/81), со последната измена во регулативата за квалитет на вина (Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија бр. 14/89).

а кои се опфатени во тарифните броеви 2205 и од 2206 од Меѓународната Конвенција за хармонизиран систем за опис и шифрирање на стоки, потпишана во Брисел на 14 јуни 1983 година.

Член 3

ДЕФИНИЦИИ

За целите на оваа Спогодба, се подразбира дека терминте:

(а) "алкохолен пијалок кој потекнува од" проследен со името на едната од договорните страни значи алкохолен пијалок произведен на територијата на таа договорна страна;

---

[1] Сл. весник Л 160, 12.6.1989, стр.1. Регулатива, последен пат изменета со Регулативата (ЕС) бр. 3378/94 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник Л 366, 31.12.1994, стр.1).

[1] Сл. весник Л 149, 14.06.1991, стр. 1. Регулатива, последен пат изменета со Регулативата (ЕС) бр. 2061/96 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник Л 277, 30.10.1996, стр.1).

(б) "ароматизиран пијалок кој потекнува од" проследен со името на едната од договорните страни значи ароматизиран пијалок произведен на територијата на таа договорна страна;

(в) "опис" значи: зборовите кои се користени во етикетирањето, или на документите кои го придружуваат алкохолот или ароматизираниот пијалок за време на транспортот, на трговските документи и особено на фактурите и товарните листови, како и при рекламирање;

(г) "хомонимно" значи: идентично заштитено име или толку слично име кое може да предизвика забуна, да означува различни места на потекло, различни алкохолни пијалоци или ароматизирани пијалоци кои потекнуваат од соодветните територии на договорните страни;

(д) "етикетирање" значи: збирот на описи и други упатувања, знаци, симболи, илустрации или трговски ознаки кои ги идентификуваат алкохолните и ароматизираните пијалоци и кои се наведени на садот, вклучувајќи на направата за затворање или на етикета која е закачена и врз покривката која го обвиткува грлото на шишињата;

(ѓ) "претставување" значи зборови или знаци кои се користат на садовите и нивните направи за затворање, во етикетажата на амбалажата.

(е) "амбалажа" значи: заштитна амбалажа како што е хартија, сламен омот од секаков вид, картони и кутии, кои се користат при транспорт на еден или повеќе садови и/или за нивна презентација за продажба на крајниот потрошувач;

(ж) "трговска марка" означува:

- трговска марка регистрирана според легислативата на договорната страна,
- општа законска ознака која е призната според законот на договорната страна; и
- добро позната трговска марка дефинирана во членот 6bis од Парискатa Конвенција за заштита на индустриска сопственост (1967).

ГЛАВА I

ВЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИМИЊАТА НА АЛКОХОЛНИ И АРОМАТИЗИРАНИ ПИЈАЛОЦИ

Член 4

ПРИНЦИПИ

1. Без влијание на членовите 22 и 23 од Спогодбата за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост наведени во Анекс 1С од Договорот за основање на Светската Трговска Организација (во понатамошниот текст "TRIPs Договор"), договорните страни ги преземаат сите неопходни мерки, во согласност со овој анекс, за да гарантираат взаемна заштита на имињата дефинирани во членот 5 кои се користат за опишување на алкохолни и ароматизирани пијалоци по потекло од територијата на договорните страни. За таа цел, секоја страна им обезбедува соодветни правни средства на заинтересираните страни кои овозможуваат да се користи едно име кое ги идентификува алкохолните или ароматизираните пијалоци кои не потекнуваат од географска зона означена со името за кој станува збор или со местото каде тоа име се користи традиционално.

2. Во Република Македонија, заштитените имиња на Заедницата:

(а) може да се користат само под условите дефинирани во законските, судските или правните одредби на Заедницата, и

(б) се резервирани исклучиво за алкохолните и ароматизираните пијалоци со потекло од Заедницата за кои истите се применуваат.

3. Во Заедницата, заштитените имиња на Република Македонија:

(а) може да се користат само под условите дефинирани во законските, судските и правните одредби на Република Македонија, и

(б) се резервирани исклучиво за алкохолните и ароматизираните пијалоци по потекло од Република Македонија за кои истите се применуваат.

4. Заштитата предвидена со оваа Спогодба особено забранува секакво користење на заштитени имиња на алкохолни и ароматизирани пијалоци кои не потекнуваат од географска област назначена со соодветното име или со местото каде тоа име традиционално се користи, а ќе се применува дури и кога:

- се наведени вистинското потекло на алкохолните и ароматизираните пијалоци;
- географската ознака за која станува збор се користи во превод;
- името е придружено со термини како што се "вид", "тип", "стил" "имитација", "метод" или други аналогни изрази.

5. Во случај на хомонимни имиња за алкохолни и ароматизирани пијалоци, заштитата се доделува за секое име одделно. Комитетот за стабилизација и асоцијација може да ги одреди, со одлука, практичните услови во кои спорните хомонимни имиња треба да се разликуваат помеѓу себе, земајќи ја предвид потребата за праведно третирање на производителите кои се засегнати и за избегнување на измамите на потрошувачот.

6. Одредбите од оваа Спогодба во никој случај не влијаат врз правото на секое лице да користи, за трговски цели, свое име и името на лицето чиј бизнис го превзел, под услов тоа име да не се користи на начин кој ќе го измами потрошувачот.

7. Ништо од оваа Спогодба не ја обврзува договорната страна да заштитува едно име на другата страна кое не е или престанал да биде заштитен во неговата земја на потекло или кое отпаднал од употреба во таа земја.

8. Договорните страни се откажуваат од своето право да се повикуваат на член 24(4) до (7) од TRIPs Договорот со цел да одбијат доделување заштита на имињата на другата договорна страна.

Член 5

ЗАШТИТЕНИ ИМИЊА

Заштитени ќе бидат следните имиња:

(а) за алкохолните пијалоци кои потекнуваат од Заедницата, имињата наведени во листа 1;

(б) за алкохолните пијалоци кои потекнуваат од Република Македонија, имињата наведени во листа 2;

(в) за ароматизираните пијалоци кои потекнуваат од Заедницата, имињата наведени во листа 3;

(г) за ароматизираните пијалоци кои потекнуваат од Република Македонија, имињата наведени во листа 4;

Член 6

ТРГОВСКИ МАРКИ

1. Регистрирањето на трговска марка за алкохолни и ароматизирани пијалоци која содржи име дефинирано во член 5 или е составена од такво име ќе биде одбиено или, на барање на заинтересираната страна, прогласено за неважечко кога алкохолни пијалоци кои не потекнуваат од местото назначено со името.

2. Без оглед на ставот 1, една трговска мерка регистрирана со добра намера најдоцна до 31 декември 1995 година може да се користи до 31 декември 2005 година, по услов да била без прекин во ефективна употреба од нејзината регистрација.

Член 7

ИЗВОЗ

Договорните страни ги преземаат сите мерки неопходни за да гарантираат дека во случаи кога алкохолните и ароматизираните пијалоци кои потекнуваат од териториите на договорните страни се извезени и пуштени во промет надвор од нивните територии, имињата на едната од договорната страна заштитени со примената на оваа Спогодба не се користат за да означат и претстават алкохолни и ароматизирани пијалоци кои потекнуваат од другата договорна страна.

Член 8

ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА

Користа од заштитата доделена со оваа Спогодба се однесува на физички и правни лица, сојузи, асоцијации и организации на производители, трговци и потрошувачи чии главни седишта се лоцирани на територијата на другата договорна страна, до оној степен до кој дозволува релевантната легислатива на договорните страни.

Член 9

ИЗВРШУВАЊЕ

1. Доколку надлежниот орган, именуван во согласност со член 11, дознае дека некој опис или претставување на алкохолни и ароматизирани пијалоци, особено во етикетирањето, во официјални или трговски документи или при рекламирање, е спротивно на оваа Спогодба, договорните страни ги применат неопходните административни мерки и/или ќе започнат соодветна судска постапка заради борба против нелојална конкуренција или за да спречат на друг начин, незаконска употреба на заштитеното име.

2. Мерките и постапките наведени во став 1 се преземаат особено во следните случаи;

(а) кога преводот на имињата предвидени со легислатива на Заедницата или на Република Македонија на јазикот или јазиците на другата договорна страна резултира со појава на израз кој може да наведе на измама во поглед на потеклото, природата или квалитетот на алкохолните и ароматизираните пијалоци кои се така идентификувани;

(б) кога описите, трговските марки, изразите, описите или илустрациите кои директно или индиректно даваат лажни или измамливи информации во поглед на потеклото, природата, материјалните квалитети на алкохолните и ароматизираните пијалоци, а кои се појавуваат на садовите или амбалажата, при рекламирање или во официјални или трговски документи кои се однесуваат на заштитени имиња согласно оваа Спогодба;

(в) кога, за амбалажа се користат садови кои се измамливи во поглед на потеклото на алкохолниот или ароматизираниот пијалок.

3. Примената на став 1 и 2 не ја спречува можноста на лицата и органите наведени во член 8 да преземат соодветни мерки кон договорните страни, вклучувајќи и започнување на судска постапка.

Член 10

ДРУГА ИНТЕРНА ЛЕГИСЛАТИВА И МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Освен во случаи кога е поинаку договорено помеѓу договорните страни, оваа Спогодба не ја исклучува можноста една проширена заштита, сега или во иднина, од страна на договорните страни да биде дадена на заштитените имиња со оваа Спогодба при примената на нивната внатрешна легислатива или на други меѓународни спогодби.

ГЛАВА II

КОНТРОЛА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ ПОМЕЃУ НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ

Член 11

НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПРИМЕНА

1. Договорните страни именуваат надлежни органи за примена на оваа Спогодба. Кога една договорна страна именува повеќе од еден надлежен орган, таа треба да обезбеди координираност на работата на тие органи.

За таа цел, треба да се именува еден единствен орган.

2. Договорните страни меѓусебно се информираат за имињата и адресите на овие органи не подоцна од два месеци по стапувањето во сила на оваа Спогодба. Треба да постои блиска и директна соработка помеѓу овие органи.

Член 12

ПОВРЕДА

1. Доколку некој од органите од членот 11 има причина да се сомнева дека:

(а) алкохолен или ароматизиран пијалок од член 2, кој е или бил предмет на трговска размена помеѓу Република Македонија и Заедницата, не е во согласност со оваа Спогодба или со одредбите на законите и регулативите на договорните страни, кои се однесуваат на алкохолни и ароматизирани пијалоци; и

(б) тоа не почитување е од особен интерес за другата договорна страна и може да биде основа за преземање административни мерки и/или започнување на судски постапки,

тој веднаш ја информира Комисијата и надлежниот орган или органите на другата договорна страна.

2. Информациите кои треба да се дадат согласно ставот 1 треба да бидат придружени со официјални, трговски или друг вид соодветни документи, со детали за административните мерки или за еквивалентните судски постапки. Информациите особено ги опфаќаат следните елементи за алкохолните и ароматизираните пијалоци кои се во прашање:

(а) производителот и лицето кое има овластување да располага со тој алкохолен или ароматизиран пијалок;

(б) составот и органолептичките карактеристики на тој пијалок;

(в) неговиот опис и претставување;

(г) детални информации за непочитување на правилата за производство и трговија.

ГЛАВА III

РАКОВОДЕЊЕ СО СПОГОДБАТА

Член 13

РАБОТНА ГРУПА

1. Се формира работна група која ќе работи во рамките на специјален комитет за земјоделство кој се формира во согласност со член 113 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

2. Работната група се грижи за доброто функционирање на оваа Спогодба и ги разгледува сите прашања кои може да произлезат при неговата примена. Поточно, работната група може да даде препораки за подобрување на реализацијата на целите на оваа Спогодба.

Член 14

ЗАДАЧИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

1. Договорните страни, директно или преку работната група дефинирана во член 13, одржуваат контакти за сите прашања поврзани со реализацијата и функционирањето на оваа Спогодба.

2. Особено, договорните страни:

(а) Со одлука на Комитетот за стабилизација и асоцијација ги одредуваат и менуваат листите од член 5 и протоколот од оваа Спогодба, за да се земат предвид измените во законите и регулативите на договорните страни;

(б) меѓусебно се информираат за намерата да донесат нови регулативи или за измени на постојните регулативи од јавен интерес (заштита на здравјето и потрошувачот), кои имаат импликации врз пазарот на алкохолни и ароматизирани пијалоци;

(в) меѓусебно се известуваат за судските одлуки во врска со примената на оваа Спогодба и се информираат меѓусебно за мерките усвоени врз основа на таквите одлуки.

3. Во рамките на оваа Спогодба, секоја од договорните страни може да даде сугестии за проширување на полето на нивната соработка во однос на пазарот на алкохолни и ароматизирани пијалоци, земајќи го предвид искуството стекнато со примената на оваа Спогодба.

4. Одлуките донесени во смисла на став 2 (а) од овој член се задолжителни за страните кои се обврзани да ги преземат неопходните мерки за нивно извршување.

ГЛАВА IV

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 15

ТРАНЗИТ - МАЛИ КОЛИЧИНИ

Оваа Спогодба не се однесува на алкохолните и ароматизираните пијалоци кои:

(а) поминуваат во транзит преку територијата на една од договорните страни, или

(б) потекнуваат од територијата на една од договорните страни и се испратени во мали количини помеѓу овие договорни страни, под условите и согласно процедурите предвидени во овој протокол.

Член 16

ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРИМЕНА

Оваа Спогодба се применува на територијата на Република Македонија, од една страна и на територите на кои се применува Договорот за основање на Европската Заедница и според условите поставени во тој договор, од друга страна.

Член 17

НЕИСПОЛНУВАЊЕ

1. Договорните страни започнуваат консултации доколку едната од нив смета дека другата не извршила обврска која и припаѓа според оваа Спогодба.

2. Договорната страна која бара консултации и доставува на друга страна информации кои се потребни за детално испитување на случајот за кој станува збор.

3. Во случаи кога било какво доцнење би можело да го загрози човековото здравје или да ја намали ефикасноста на мерките за борба против измама, може да се преземат соодветни привремени заштитни мерки, без претходна консултација, под услов консултациите да се одржат веднаш по преземањето на тие мерки.

4. Доколку, по консултациите предвидени во став 1 и 3, договорните страни не постигнат договор, страната која побарала консултации или која презела мерки дефинирани во став 3 може да усвои заштитни мерки на начин со кој се овозможува правилна примена на оваа Спогодба.

Член 18

ПРОДАЖБА НА ПРЕТХОДНИ ЗАЛИХИ

1. Алкохолните и ароматизираните пијалоци, кои на датумот на стапување во сила на оваа Спогодба, биле легално произведени, опишани и претставени во согласност со интерните закони и регулативи на договорните страни, но со оваа Спогодба се забранети може да се продадат од страна на продавачи на големо за период од една година од стапувањето во сила на оваа Спогодба, а од трговците на мало се доисцрпување на залихите. Со стапувањето на сила на оваа Спогодба, алкохолните и ароматизираните пијалоци опфатени во неа повеќе не смеат да се произведуваат вон границите на нивниот регион на потекло.

2. Алкохолните и ароматизираните пијалоци, произведени, опишани и претставени во согласност со оваа Спогодба, но чиј опис и претставување не се повеќе во согласност со оваа Спогодба поради некоја измена во неа, можат да продолжат да се продаваат до исцрпување на залихите, освен во случаи кога договорните страни се договорат поинаку.

ПРОТОКОЛ КОН СПОГОДБАТА

ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА АЛКОХОЛНИ И АРОМАТИЗИРАНИ ПИЈАЛОЦИ

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ СЕ СОГЛАСИЈА ЗА СЛЕДНОТО:

Во согласност со член 15(б) од Спогодбата, следните количини на алкохолни и ароматизирани пијалоци се сметаат за мали количини:

1. количини ставени во садови со волумен до 5 литри, етикетирани и снабдени со направа за затворање која не може повторно да се користи, при што вкупната транспортирана количина, без оглед дали е составена од одделни пратки, не надминува 10 литри;

2. (а) количини кои се составен дел од личен багаж на патници, во количини не поголеми од 10 литри;

(б) количини кои се испратени во пратки адресирани од лице на лице во количини не поголеми од 10 литри;

(в) количини кои се составен дел од личните предмети на индивидуи кои се преселуваат;

(г) количини кои се увезени за целите на научни или технички експерименти, со максимална количина од 1 хектолитар;

(д) количини кои се наменети за дипломатски, конзуларни или слични тела, увезени под бесцарински третман кој тие го уживаат;

(ѓ) количини кои се чуваат во меѓународните транспортни средства како намирници.

Случајот на ослободување наведен во точка 1 не може да се кумулира со еден или повеќе случаи на ослободување наведени во точка 2.

1804.

ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРОТОКОЛ ЗА АДАПТАЦИЈА НА ТРГОВСКИТЕ АСПЕКТИ ОД ВРЕМЕНАТА СПОГОДБА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОД ЕДНА СТРАНА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА, ОД ДРУГА СТРАНА, СО РЕЗУЛТАТОТ ОД ПРЕГОВОРИТЕ ПОМЕЃУ ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ВЗАЕМНИ ПОВЛАСТИЦИ ЗА НЕКОИ ВИНА, ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА ВИНАТА И ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА АЛКОХОЛНИ И АРОМАТИЗИРАНИ ПИЈАЛОЦИ*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во натамошниот текст "Република Македонија", од една страна, и

ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА, во натамошниот текст "Заедница", од друга страна,

во натамошниот текст "Договорни страни",

---

[3] Службен весник Л 190, 4.7.98, стр.48.

[4] Службен весник Л348, 18.12.97, стр.1

* Одлуката за одобрување на Дополнителниот протокол за вино и алкохолни пијалоци кон Времената спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската заедница Бр. 23-7295/1 од 25 декември 2001 година е објавена во "Службен весник на РМ" бр. 103 од 28 декември 2001 година на страна 5420.

СО ОГЛЕД ДЕКА Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија, од една страна и Европската Заедница, од друга страна беше потпишана во Луксембург на 9 април 2001 година со размена на писма,

СО ОГЛЕД ДЕКА членот 27(4) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација одредува дека треба да се преговара за спогодба за вино и алкохолни пијалоци,

СО ОГЛЕД ДЕКА Времената спогодба, која гарантира развој на трговските врски преку создавање на договорен однос кој ги имплементира одредбите од Спогодбата за стабилизација и асоцијација во однос на трговијата и трговските прашања со придружните мерки, стапи на сила на 1 јуни 2001 година. Членот 14(4) од Времена спогодба ја повторува обврската за склучување посебна спогодба за вино и алкохолни пијалоци,

СО ОГЛЕД ДЕКА врз таа основа помеѓу договорните страни беа спроведени и завршени преговорите,

СО ОГЛЕД ДЕКА со цел за обезбедување доследност на севкупниот процес на стабилизација, спогодбата за вино и алкохолни пијалоци треба да биде интегрирана во рамките на Времената спогодбата во форма на протокол,

СО ОГЛЕД ДЕКА овој Протокол за вино и алкохолни пијалоци би требало да стапи на сила на 1 јануари 2002 година,

СО ОГЛЕД ДЕКА заради тоа е неопходно што е можно побрзо да се применат одредбите од овој протокол,

САКАЈЌИ да ги подобрат условите за промет со вина, алкохолни и ароматизирани пијалоци на нивните пазари, во согласност со принципите за квалитет, меѓусебна полза и реципроцитет,

ЗЕМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД интересот на обете договорни страни за взаемна заштита и контрола на имињата на вината, и имињата на алкохолните и ароматизираните пијалоци,

СЕ СОГЛАСИЈА ЗА СЛЕДНОТО:

Член 1

Овој Протокол ги вклучува следните елементи:

(1) спогодба за доделување взаемни трговски повластици за некои вина (Анекс I од овој Протокол)

(2) спогодба за взаемно признавање, заштита и контрола на имињата на вината (Анекс II од овој Протокол)

(3) спогодба за взаемно признавање, заштита и контрола на имињата на алкохолни и ароматизирани пијалоци (Анекс III од овој Протокол).

Листите наведени во член 5 од Спогодбата од точка (2) и во членот 5 од Спогодбата од точка (3) погоре ќе бидат утврдени дополнително и одобрени согласно процедурата предвидена во членовите 13 и 14 од овие спогодби.

Член 2

Овој Протокол и неговите анекси претставуваат составен дел на Времената спогодбата.

Член 3

Овој Протокол ќе биде одобрен од страна на Република Македонија и Заедницата во согласност со нивните сопствени процедури. Договорните страни ќе ги преземат неопходните мерки за имплементација на протоколот.

Договорните страни меѓусебно ќе се известуваат за завршувањето на соодветните процедури согласно првиот став од овој член.

Член 4

Доколку бидат завршени процедурите наведени во член 3, овој протокол стапува во сила на 1 јануари 2002 година и ќе се применува од таа дата.

Член 5

Овој Протокол е составен во дупликат на секој од официјалните јазици на двете договорни страни и секој од тие текстови е еднакво веродостоен.

Во , на

За Република Македонија За Европската Заедница

АНЕКС I

СПОГОДБА

ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ВЗАЕМНИ ТРГОВСКИ ПОВЛАСТИЦИ ЗА НЕКОИ ВИНА

1. Увозот во Заедницата на следните производи кои потекнуваат од Република Македонија ќе подлежат на повластиците наведени подолу:

шифра на КН (комбинирана номенклатура)	Опис	Применливи давачки	количини за 2002 година (hl)	годишни прилагодувања (hl)	Посебни одредби
од 2204 10 од 2204 21	Квалитетни пенливи вина Вина од свежо грозје	слободно	15 000	+6 000	(1)
од 2204 29	Вина од свежо грозје	слободно	285 000	-6 000	(1)

(1) На барање на една од договорните страни може да се одржат консултации за прилагодување на квотите со префрлување на количините над износот од 6.000 hl од квотата која се применува за од 2204 29, во квотата која се применува за од 2204 10 и од 2204 21.

2. Заедницата доделува повластена нулта-давачка во рамките на тарифните квоти споменати под точка 1, под услов Република Македонија да не исплаќа никакви извозни субвенции при извозот на овие количини.

3. Увозот во Република Македонија на следните производи кои потекнуваат од Заедницата ќе подлежат на повластиците наведени подолу:

Тарифна царинска шифра на РМ	Опис	Применливи давачки	количини за 2002 година (hl)	годишно покачување (hl)	Посебни одредби
од 2204 10 од 2204 21	Квалитетни пенливи вина Вина од свежо грозје	слободно	3 000	300	

4. Република Македонија доделува повластена нулта-давачка во рамките на тарифните квоти од точка 3, под услов Заедницата да не исплаќа никакви извозни субвенции при извоз на овие количини.

5. Оваа Спогодба се однесува на вино:

(а) кое е произведено од свежо грозје произведено и обрано целосно на територијата на договорната страна за која станува збор, и

(б) (i) по потекло од ЕУ, кое е произведено во согласност со правилата за енолошка практика и процеси наведени во глава V од

Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 1493/1999 од 17.5.1999 година за заедничката организација на пазарот со вино*;

(ii) по потекло од Република Македонија, кое е произведено во согласност со правилата за енолошка практика и процеси согласно законите на Република Македонија. Овие енолошки правила треба да се усогласени со легислативата на Заедницата.

6. Увозот на вино во рамки на повластиците предвидени во оваа спогодба подлежи на презентација на цертификат издаден од официјално тело признато од двете страни, а кое е наведено на заеднички составените листи, со кој се потврдува дека тоа вино е во согласност со одредбите на точка 5(б).

7. Договорните страни не подоцна од првото тримесечие на 2005 година, ќе ги разгледаат можностите за доделување понатамошни взаемни повластици земајќи го предвид развојот на трговијата со вино помеѓу договорните страни.

8. Договорните страни гарантираат дека повластиците кои меѓусебно си ги доделија не се доведуваат во прашање со други мерки.

9. Консултации за секој проблем кој е во врска со примената на оваа Спогодба се одржуваат на барање на една од договорните страни.

10. Оваа Спогодба се применува, на територијата на Република Македонија, од една страна, и на териториите на кои се применува Договорот за основање на Европската Заедница и под условите предвидени во тој договор, од друга страна.

АНЕКС II

СПОГОДБА

ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА ВИНАТА

Член 1

ЦЕЛИ

1. Договорните страни се согласуваат, во согласност со принципите за недискриминација и реципрочност, да ги признаат, заштитуваат и контролираат имињата на вината кои потекнуваат од нивната територија под условите наведени во оваа Спогодба.

2. Договорните страни ги преземаат сите општи и посебни мерки неопходни за да се гарантира почитување на обврските поставени во оваа Спогодба и дека се постигнати нејзините цели.

Член 2

ДОМЕТ И ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Оваа Спогодба ќе се применува на винata опфатени во ставката 2204 од Меѓународната конвенција за хармонизиран систем на опис и шифрирање на стоки ("Хармонизиран систем"), потпишана во Брисел на 14 јуни 1983 година.

Член 3

ДЕФИНИЦИИ

За целите на оваа Спогодба, освен онаму каде е поинаку предвидено, се подразбира дека изразите:

(а) "вино по потекло од" проследено со името на една од договорните страни значи вино произведено на територијата на споменатата договорна страна, од грозје кое е обрано само на нејзината територија;

(б) "географска ознака" значи секоја ознака, вклучувајќи и "име на потеклото", како што е дефинирано во членот 22(1) од Договорот за трговските аспекти на правата за интелектуална сопственост (во понатамошниот текст "TRIPs Договор"), која е призната со законите и регулативите на договорната страна за опишување и претставување на вино кое потекнува од територијата на таа договорна страна;

(в) "традиционален израз" значи традиционално користено име, како што е наведено во Анексот, кое се однесува особено на методот на производство или на квалитетот, бојата или типот на вино кој е доволно карактеристичен и/или со создадена репутација и признат со законите и регулативите на договорната страна за опишување и претставување на такво вино кое потекнува до територијата на таа договорна страна;

(г) "заштитено име" значи географска ознака или традиционален израз дефиниран во ставовите (б) и (в) соодветно, која е заштитена според оваа Спогодба;

(д) "хомонимно" значи идентично заштитено име или име кое е толку слично за да може да предизвика забуна, да означува различни места на потекло или различни вина кои потекнуваат од соодветните територии на договорните страни;

(ѓ) "опис" значи зборови кои се користат за да се опише едно вино на етикета или во документи кои го придружуваат тоа вино при транспортот, во трговски документи, особено на фактури и известувања за испорака, како и при рекламирање;

(е) "етикетажа" значи збир на сите описи и други упатувања, знаци, илустрации или трговски ознаки кои го идентификуваат виното и се појавуваат на садот, вклучувајќи ја и направата за затворање или на етикетата која е закачена и на обвитката на грлото на шишињата;

(ж) "претставување" значи зборови или знаци кои се користат на садовите и на направите за нивното затворање, на етикетажот или на пакувањето;

(з) "пакување" значи заштитна амбалажа како што е хартија, сламени омот и од секаков вид, картони и кутии, кои се користат за транспорт на една или повеќе садови и/или за нивна презентација заради продажба на крајниот потрошувач;

(ѕ) "трговска ознака" значи:

- трговска ознака регистрирана според легислативата на договорната страна,
- општа законска ознака која е призната според законот на договорната страна, и
- добро позната трговска ознака дефинирана во членот 6bis од Парискатa Конвенција за Заштита на индустриска сопственост (1967).

ГЛАВА I

ВЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИМИЊАТА НА ВИНАТА

Член 4

ПРИНЦИПИ

1. Без влијание врз одредбите од членовите 22 и 23 од Договорот за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост (TRIPs), наведени во Анекс 1C од Договорот за основање на Светската трговска организација, страните ќе ги преземат сите неопходни мерки, во согласност со овој анекс, за да гарантираат взаемна заштита на имињата дефинирани во членот 5 кои се користат за опишување и претставување на вината кои потекнуваат од територијата на договорните страни. За таа цел, секоја договорна страна на заинтересираните страни им доставува соодветни правни средства заради гарантирање на ефикасна заштита и за спречување на користење на географски ознаки и традиционални изрази за идентификација на вината кои не се покриени со соодветни индикации или описи.

2. Во Република Македонија, заштитените имиња на Заедницата:

(а) се резервирани исклучиво за вината со потекло од Заедницата за кои истите се применуваат, и

(б) може да се користат само под условите предвидени во законите и регулативите на Заедницата.

* Сл. весник Л 179, 14.7.1999, стр. 1. Регулатива, последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2862/2000 (Сл. весник Л 328, 23.12.2000, стр. 2)

3. Во Заедницата, заштитените имиња на Република Македонија:

(а) се резервирани исклучиво за вина со потекло од Република Македонија за кои истите се применуваат, и

(б) може да се користат само под условите предвидени во законите и регулативите на Република Македонија.

4. Заштитата предвидена со оваа Спогодба особено забранува било каква употреба на заштитените имиња за вина кои не потекнуваат од географската област која е назначена или од местото каде изразот се користи традиционално, и ќе се применува дури и кога:

- е назначено вистинското потекло на виното,
- географската ознака се користи во превод,
- името е придружено со термини како што се "вид", "тип", "стил", "имитација", "метод" или други аналогни изрази.

5. Во случај на хомонимни географски ознаки:

(а) кога заштитените ознаки според оваа Спогодба се хомонимни, заштитата се доделува за секоја ознака, доколку таа се користи традиционално и постојано и ако потрошувачите не се измамени за вистинското потекло на виното;

(б) кога заштитените ознаки според оваа Спогодба се хомонимни со името на географска област која е надвор од територијата на Страните, тоа име може да се користи за да го опише и претстави виното произведено во географската област на која се однесува името, доколку тоа се користи традиционално и постојано, неговата употреба за таа цел е регулирана од страна на земјата на потекло и ако потрошувачите не се измамени да веруваат дека виното потекнува од територијата на Страната за која станува збор.

6. Во случај на хомонимни традиционални изрази:

(а) кога таквите изрази заштитени со оваа Спогодба се хомонимни, за секој израз ќе биде доделена заштита, доколку изразот се користи традиционално и постојано а потрошувачите не се измамени за вистинското потекло на виното;

(б) кога таквите изрази заштитени со оваа Спогодба се хомонимни со име кое се користи за вино што не потекнува од територијата на Страните, тоа име може да се користи за да го опише и претстави виното, доколку тоа се користи традиционално и постојано, неговата употреба за таа цел е регулирана од страна на земјата на потекло и потрошувачите не се измамени да веруваат дека виното потекнува од територијата на Страната за која станува збор.

7. Комитетот за стабилизација и асоцијација може со своја одлука да ги одреди практичните правила за употреба кои ќе овозможуваат разликување помеѓу спорните хомонимни ознаки или изрази наведени во став 5 и 6, имајќи ја предвид потребата праведно да се третираат производителите за кои станува збор и да се гарантира дека потрошувачите не се измамени.

8. Одредбите од оваа Спогодба во никој случај не го оштетуваат правото на секое лице да го користи, во трговијата, своето име или името на неговиот претходник во бизнисот, под услов таквото име да не се користи на начин кој ќе ги измами потрошувачите.

9. Ништо од оваа Спогодба не ја обврзува договорната страна да ги заштитува географските ознаки или традиционалните изрази на другата договорна страна кои не се или престанале да бидат заштитувани нејзината земја на потекло или кои отпаднале од употреба во таа земја.

10. Договорните страни се откажуваат од своето право да се повикуваат на член 24(4) до (7) од TRIPs Договорот со цел да одбијат заштита на име на другата договорна страна, за производите опфатени со оваа Спогодба.

Член 5

ЗАШТИТЕНИ ИМИЊА

Во поглед на вино кое потекнува од Република Македонија и од Заедницата, ќе бидат заштитени имињата наведени во листите составени во согласност со член 14, став 2(а).

Член 6

ТРГОВСКИ ОЗНАКИ

1. Регистрирањето на трговска ознака за вино која содржи или претставува заштитено име според оваа Спогодба ќе биде одбиено, или, на барање на засегнатата страна, е неважечко доколку:

- виното кое е во прашање не потекнува од местото на кое се однесува географската ознака

или, во случај кога

- виното кое е во прашање не е она за кое е резервиран традиционалниот израз.

2. Сепак, трговската ознака регистрирана со добра намера најдоцна до 31 декември 1995 година може да се користи се до 31 декември 2005 година, доколку истата била во константна употреба од нејзината регистрација.

Член 7

ИЗВОЗ

Договорните страни ги преземаат сите мерки неопходни за да осигураат дека во случаи кога винаата кои потекнуваат од Договорните страни се извезени и пуштени во промет надвор од нивните територии, заштитените имиња на едната од договорните страни наведени во член 5 не се користат за да опишат и претстават вино кое потекнува од другата договорна страна.

Член 8

ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА

Користа од заштитата доделена со оваа Спогодба се проширува на физички и правни лица, сојузи, асоцијации и организации на производители, трговци или потрошувачи чии главни седишта се лоцирани на територијата на другата договорна страна, до оној степен до кој дозволува релеватната легислатива на договорните страни.

Член 9

ПРИМЕНА

1. Доколку надлежната служба, именувана во согласност со член 11, констатира дека описот или претставувањето на виното, особено во етикетажата, во официјални или трговски документи или при рекламирање, претставуваат повреда на оваа Спогодба, договорните страни преземаат неопходни административни мерки и/или започнуваат законска постапка за борба против нелојална конкуренција или за спречување на незаконска употреба на заштитено име на било кој друг начин.

2. Мерките и постапките наведени во став 1 ќе бидат преземени во следните случаи:

(а) кога преводот на описите предвидени со легислативата на Заедницата или на Република Македонија на јазикот или јазиците на другата договорна страна резултира со појава на збор кој може да доведе до грешка во поглед на потеклото, природата или квалитетот на виното кое е така опишано или претставено;

(б) кога описите, трговските ознаки, имињата, написите или илустрациите кои директно или индиректно даваат лажни или измамливи информации во поглед на потеклото, природата, сортите на винова лоза или материјалните квалитети на виното се појавуваат на садот или амбалажата, при рекламирање или во официјални или трговски документи кои се однесуваат на винаата чии имиња се заштитени согласно оваа Спогодба;

(в) кога, садовите кои се користат за амбалажа претставуваат измама во поглед на потеклото на виното.

3. Одредбите на став 1 и 2 се применуваат без оглед на дадените можности на физичките и правни лица и ентитети, наведени во член 8 да преземат соодветни мерки на територијата на договорните страни, вклучувајќи и упатување на судови.

Член 10

ДРУГА ИНТЕРНА ЛЕГИСЛАТИВА И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Освен во случаи кога е поинаку договорено помеѓу договорните страни, оваа Спогодба не исклучува доделување поопширна заштита, сега или во иднина, на имињата заштитени со оваа Спогодба, од страна на договорните страни врз основа на нивната интерна легислатива или други меѓународни договори.

ГЛАВА II

КОНТРОЛА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ ПОМЕЃУ НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ

Член 11

НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПРИМЕНА

1. Секоја договорна страна назначува органи надлежни за примената на оваа Спогодба. Кога договорната страна назначува повеќе од еден надлежен орган, таа треба да обезбеди координираност на работата на тие органи. За таа цел, треба да се назначи еден единствен орган.

2. Договорните страни се информираат меѓусебно за имињата и адресите на овие органи не подоцна од два месеци по стапувањето во сила на оваа Спогодба. Треба да постои блиска и директна соработка помеѓу овие органи.

Член 12

ПОВРЕДА

1. Доколку некој од органите наведени во членот 11 има причина да се сомнева дека:

(а) вино кое е или било предмет на трговија помеѓу Република Македонија и Заедницата, не ги почитува одредбите на оваа Спогодба или законите и регулативните на договорните страни, и

(б) тоа непочитување е од особен интерес за другата договорна страна и може да биде основа за преземање административни мерки и/или судски постапки,

таа веднаш ја информира Комисијата и надлежниот орган или органите на другата договорна страна.

2. Информациите кои треба да се обезбедат согласно ставот 1 треба да бидат придружени со официјални, трговски или друг вид соодветни документи, со детали за административните мерки или евентуалните судски постапки. Информациите во врска со виното кое е во прашање, треба да се однесуваат особено на:

(а) производителот и лицето кое располага со тоа вино;

(б) составот и органолептичките карактеристики на виното;

(в) неговиот опис и претставување;

(г) природата на направената повреда на правилата за производство и комерцијализација.

ГЛАВА III

УПРАВУВАЊЕ СО СПОГОДБАТА

Член 13

РАБОТНА ГРУПА

1. До влегувањето во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, се основа работна група која произлегува од постојната работна група основана со одлуката бр. 1/98 на Советот за соработка воспоставен со Спогодбата за соработка помеѓу Република Македонија и Европската заедница, потпишана со размена на писма на 29 април 1997 година.

2. Работната група се грижи за доброто функционирање на оваа Спогодба и ги разгледува сите прашања во врска со неговата имплементација. Поточно, работната група може да даде препораки за подобрување на реализацијата на целите на оваа Спогодба.

Член 14

ЗАДАЧИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

1. Договорните страни, директно или преку работната група дефинирана во член 13, одржуваат контакти за сите прашања поврзани со имплементацијата и функционирањето на оваа Спогодба.

2. Поточно, договорните страни:

(а) со одлука на Советот за соработка, ги составуваат и менуваат листите наведени во член 5 и протоколот од оваа Спогодба, со цел да се земат предвид сите измени на законите и регулативните на договорните страни;

(б) се информираат меѓусебно за намерата да донесат нови регулативи или измени на постојните регулативи кои се од јавен интерес, како што се заштитата на здравјето или на потрошувачите, кои имаат импликации врз лозаро-винарскиот сектор;

(в) се известуваат меѓусебно за судските одлуки во врска со примената на оваа Спогодба и се информираат меѓусебно за преземените мерки врз основа на таквите одлуки,

3. Во рамките на оваа Спогодба, секоја од странite може да даде сугестии за проширување на полето на нивната соработка во врска со лозаро-винарскиот пазар, земајќи го предвид искуството стекнато во досегашната примена.

4. Одлуките донесени во смисла на ставот 2(а) од овој член се задолжителни за страните кои се обврзани да превземат мерки за нивно извршување.

ГЛАВА IV

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 15

ТРАНЗИТ - МАЛИ КОЛИЧИНИ

Оваа Спогодба не се однесува на винаta кои:

(а) поминуваат во транзит преку територијата на договорните страни, или

(б) потекнуваат од територијата на една од договорните страни и се разменуваат во мали количини помеѓу нив под условите и согласно со постапките предвидени во овој протокол.

Член 16

ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРИМЕНА

Оваа Спогодба се применува на територијата на Република Македонија, од една страна и на територите на кои се применува Договорот за основање на Европската Заедница и според условите поставени во тој договор, од друга страна.

Член 17

НЕИСПОЛНУВАЊЕ

1. Договорните страни се консултираат доколку едната од нив смета дека другата не успеала да исполни некоја обврска од оваа Спогодба.

2. Договорната страна која бара консултации ѝ ги доставува на другата страна сите информации потребни за детално испитување на случајот за кој станува збор.

3. Во случаи кога било какво одложување би можело да го загрози човековото здравје или да ја намали ефикасноста на мерките во борбата против измами, може да се преземат привремени заштитни мерки без претходна консултација, под услов консултациите да започнат веднаш по преземањето на тие мерки.

4. Доколку, по консултациите предвидени во став 1 и 3, договорните страни не постигнат договор, страната која побарала консултации или која презела мерки дефинирани во став 3 може да преземе соодветни заштитни мерки за да овозможи правилна примена на оваа Спогодба.

---

[1] Службен весник Л190, 4.7.1998, стр.48.

[2] Службен весник Л348, 18.12.1997, стр.1

Член 18

ПРОДАЖБА НА ПРЕТХОДНИ ЗАЛИХИ

1. Винаta, кои во моментот на стапување во сила на оваа Спогодба биле произведени, подготвени, опишани и претставени во согласност со интерните закони и регулативи на договорните страни но на начин забранет со оваа Спогодба, може да се продаваат се до исцрпување на залихите.

2. Освен во случаи кога договорните страни усвојат спротивни одредби, винаta кои биле произведени, подготвени, опишани и претставени во согласност со оваа Спогодба, но чие производство, подготовка, опис и претставување престане да биде во согласност со Спогодбата поради измена на Спогодбата, може да продолжат да се продаваат се до исцрпување на залихите.

ПРОТОКОЛ КОН СПОГОДБАТА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА ВИНАТА

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ СЕ СОГЛАСИЈА ЗА СЛЕДНОТО:

Согласно член 15(б) од Спогодбата, следните количини на вино се сметаат за мали:

1. количини ставени во садови со волумен до 5 литри, етикетирани и снабдени со направа за затворање која не може повторно да се користи, и кога вкупната транспортирана количина, без оглед дали е составена од одделни пратки, не надминува 50 литри;

2. (а) количини кои се составен дел од личен багаж на патници не поголеми од 30 литри;

(б) количини кои се испратени во пратки од една до друга индивидуа не поголеми од 30 литри;

(в) количини кои се составен дел на личните предмети на индивидуи кои се преселуваат;

(г) количини увезени за дели на научни или технички експерименти, од максимум 1 хектолитар;

(д) количините наменети за дипломатски, конзуларни или слични претставништва, увезени без давачки кои им се доделени;

(ѓ) количините кои се чуваат како намирници во интернационални транспортни средства;

Случајот на ослободување наведен во став 1 не може да се кумулира со еден или повеќе случаи на ослободување наведени во став 2.

АНЕКС III

СПОГОДБА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА АЛКОХОЛНИ И АРОМАТИЗИРАНИ ПИЈАЛОЦИ

Член 1

ЦЕЛИ

1. Договорните страни се согласуваат, во согласност со принципите за недискриминација и реципроцитет, да ги признаат, заштитуваат и контролираат имињата на алкохолните и ароматизираните пијалоци со потекло од нивните територии, според условите наведени во овој анекс.

2. Договорните страни ги преземаат сите општи и посебни мерки неопходни да се почитуваат обврските и реализацијата на целите утврдени во оваа Спогодба.

Член 2

ДОМЕТ И ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Оваа Спогодба се однесува на следните производи:

(а) Алкохолни пијалоци кои се дефинирани:

- за Заедницата, во Регулативата на Советот (ЕЕЦ) бр. 1576/89 од 29.5.1989 за општите правила за дефиниција, опис и претставување на алкохолните пијалоци, [1]

- за Република Македонија, во Регулативата за квалитет на алкохолни пијалоци (Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија бр. 16/88), со последна измена во Регулативата за квалитет на алкохолни пијалоци (Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија бр. 63/88),

а кои се опфатени во тарифниот број 2208 од Меѓународната конвенција за хармонизиран систем за опис и шифрирање на стоки, потпишана во Брисел на 14 јуни 1983 година;

(б) Ароматизирани вина, ароматизирани пијалоци на база на вино и ароматизирани коктели од лозаровинарски производи, во понамошниот тест "ароматизирани пијалоци", како што се дефинирани:

- за Заедницата, во Регулативата на Советот (ЕЕС) бр. 1601/1991 од 10.06.1991 за општите правила за дефиниција, опис и претставување на ароматизираните вина, ароматизираните пијалоци на база на вино и ароматизираните коктели од лозаро-винарски производи[1],

- за Република Македонија, во регулативата за квалитет на вина (Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија бр. 17/81), со последната измена во регулативата за квалитет на вина (Службен весник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија бр. 14/89).

а кои се опфатени во тарифните броеви 2205 и од 2206 од Меѓународната Конвенција за хармонизиран систем за опис и шифрирање на стоки, потпишана во Брисел на 14 јуни 1983 година.

Член 3

ДЕФИНИЦИИ

За целите на оваа Спогодба, се подразбира дека термините:

(а) "алкохолен пијалок кој потекнува од" проследен со името на едната од договорните страни значи алкохолен пијалок произведен на територијата на таа договорна страна;

(б) "ароматизиран пијалок кој потекнува од" проследен со името на едната од договорните страни значи ароматизиран пијалок произведен на територијата на таа договорна страна;

(в) "опис" значи: зборовите кои се користени во етикетирањето, или на документите кои го придружуваат алкохолот или ароматизираниот пијалок за време на транспортот, на трговските документи и особено на фактурите и товарните листови, како и при рекламирање;

(г) "хомонимно" значи: идентично заштитено име или толку слично име кое може да предизвика забуна, да означува различни места на потекло, различни алкохолни пијалоци или ароматизирани пијалоци кои потекнуваат од соодветните територии на договорните страни;

(д) "етикетирање" значи: збирот на описи и други упатувања, знаци, симболи, илустрации или трговски ознаки кои ги идентификуваат алкохолните и ароматизираните пијалоци и кои се наведени на садот, вклучувајќи на направата за затворање или на етикета која е закачена и врз покривката која го обвиткува грлото на шишињата;

(ѓ) "претставување" значи зборови или знаци кои се користат на садовите и нивните направи за затворање, во етикетажата на амбалажата.

(е) "амбалажа" значи: заштитна амбалажа како што е хартија, сламен омот од секаков вид, картони и кутии, кои се користат при транспорт на еден или повеќе садови и/или за нивна презентација за продажба на крајниот потрошувач;

(ж) "трговска марка" означува:

- трговска марка регистрирана според легислативата на договорната страна,

- општа законска ознака која е призната според законот на договорната страна; и

- добро позната трговска марка дефинирана во членот 6bis од Парискатa Конвенција за заштита на индустриска сопственост (1967).

---

[1] Сл. весник Л 149, 14.06.1991, стр.1. Регулатива, последен пат изменета со Регулативата (ЕС) бр. 2061/96 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник Л 277, 30.10.1966, стр.1).

[1] Службен весник Л 149, 14.06.1991, стр. 1

ГЛАВА I

ВЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИМИЊАТА НА АЛКОХОЛНИ И АРОМАТИЗИРАНИ ПИЈАЛОЦИ

Член 4

ПРИНЦИПИ

1. Без влијание на членовите 22 и 23 од Спогодбата за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост наведени во Анекс 1С од Договорот за основање на Светската Трговска Организација (во понатамошниот текст "TRIPs Договор"), договорните страни ги преземаат сите неопходни мерки, во согласност со овој анекс, за да гарантираат взаемна заштита на имињата дефинирани во членот 5 кои се користат за опишување на алкохолни и ароматизирани пијалоци по потекло од територијата на договорните страни. За таа цел, секоја страна им обезбедува соодветни правни средства на заинтересираните страни кои овозможуваат да се користи едно име кое ги идентификува алкохолните или ароматизираните пијалоци кои не потекнуваат од географска зона означена со името за кој станува збор или со местото каде тоа име се користи традиционално.

2. Во Република Македонија, заштитените имиња на Заедницата:

(а) може да се користат само под условите дефинирани во законските, судските или правните одредби на Заедницата, и

(б) се резервирани исклучиво за алкохолните и ароматизираните пијалоци со потекло од Заедницата за кои истите се применуваат.

3. Во Заедницата, заштитените имиња на Република Македонија:

(а) може да се користат само под условите дефинирани во законските, судските и правните одредби на Република Македонија, и

(б) се резервирани исклучиво за алкохолните и ароматизираните пијалоци по потекло од Република Македонија за кои истите се применуваат.

4. Заштитата предвидена со оваа Спогодба особено забранува секакво користење на заштитени имиња на алкохолни и ароматизирани пијалоци кои не потекнуваат од географска област назначена со соодветното име или со местото каде тоа име традиционално се користи, а ќе се применува дури и кога:

- се наведени вистинското потекло на алкохолните и ароматизираните пијалоци;
- географската ознака за која станува збор се користи во превод;
- името е придружено со термини како што се "вид", "тип", "стил" "имитација", "метод или други аналогни изрази.

5. Во случај на хомонимни имиња за алкохолни и ароматизирани пијалоци, заштитата се доделува за секое име одделно. Комитетот за стабилизација и асоцијација може да ги одреди, со одлука, практичните услови во кои спорните хомонимни имиња треба да се разликуваат помеѓу себе, земајќи ја предвид потребата за праведно третирање на производителите кои се засегнати и за избегнување на измамите на потрошувачот.

6. Одредбите од оваа Спогодба во никој случај не влијаат врз правото на секое лице да користи, за трговски цели, свое име и името на лицето чии бизнис го превзел, под услов тоа име да не се користи на начин кој ќе го измени потрошувачот.

7. Ништо од оваа Спогодба не ја обврзува договорната страна да заштитува едно име на другата страна кое не е или престанал да биде заштитен во неговата земја на потекло или кое отпаднал од употреба во таа земја.

8. Договорните страни се откажуваат од своето право да се повикуваат на член 24(4) до (7) од TRIPs Договорот со цел да одбијат доделување заштита на имињата на другата договорна страна.

Член 5

ЗАШТИТЕНИ ИМИЊА

Заштитени ќе бидат следните имиња:

(а) за алкохолните пијалоци кои потекнуваат од Заедницата, имињата наведени во листата 1;

(б) за алкохолните пијалоци кои потекнуваат од Република Македонија, имињата наведени во листа 2;

(в) за ароматизираните пијалоци кои потекнуваат од Заедницата, имињата наведени во листа 3;

(г) за ароматизираните пијалоци кои потекнуваат од Република Македонија, имињата наведени во листа 4;

Член 6

ТРГОВСКИ МАРКИ

1. Регистрирањето на трговска марка за алкохолни и ароматизирани пијалоци која содржи име дефинирано во член 5 или е составена од такво име ќе биде одбиено или, на барање на заинтересираната страна, прогласено за неважечко кога алкохолни пијалоци кои не потекнуваат од местото назначено со името.

2. Без оглед на ставот 1, една трговска марка регистрирана со добра намера најдоцна до 31 декември 1995 година може да се користи до 31 декември 2005 година, по услов да била без прекин во ефективна употреба од нејзината регистрација.

Член 7

ИЗВОЗ

Договорените страни ги преземаат сите мерки неопходни за да гарантираат дека во случаи кога алкохолните и ароматизираните пијалоци кои потекнуваат од териториите на договорните страни се извезени и пуштени во промет надвор од нивните територии, имињата на едната од договорната страна заштитени со примената на оваа Спогодба не се користат за да означат и претстават алкохолни и ароматизирани пијалоци кои потекнуваат од другата договорна страна.

Член 8

ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА

Користа од заштитата доделена со оваа Спогодба се однесува на физички и правни лица, сојузи, асоцијации и организации на производители, трговци и потрошувачи чии главни седишта се лоцирани на територијата на другата договорна страна, до оној степен до кој дозволува релевантната легислатива на договорните страни.

Член 9

ИЗВРШУВАЊЕ

1. Доколку надлежниот орган, именуван во согласност со член 11, дознае дека некој опис или претставување на алкохолни и ароматизирани пијалоци, особено во етикетирањето, во официјални или трговски документи или при рекламирање, е спротивно на оваа Спогодба, договорните страни ги применат неопходните административни мерки и/или ќе започнат соодветна судска постапка заради борба против нелојална конкуренција или за да спречат на друг начин, незаконска употреба на заштитеното име.

2. Мерките и постапките наведени во став 1 се преземаат особено во следните случаи;

(а) кога преводот за имињата предвидени со легислатива на Заедницата или на Република Македонија на јазикот или јазиците на другата договорна страна резултира со појава на израз кој може да наведе на измама во поглед на потеклото, природата или квалитетот на алкохолните и ароматизираните пијалоци кои се така идентификувани;

(б) кога описите, трговските марки, изразите, описите или илустрациите кои директно или индиректно даваат лажни или измамливи информации во поглед на потеклото, природата, материјалните квалитети на алкохолните и ароматизираните пијалоци, а кои се појавуваат на садовите или амбалажата, при рекламирање или во официјални или трговски документи кои се однесуваат на заштитени имиња согласно оваа Спогодба;

(в) кога, за амбалажа се користат садови кои се измамливи во поглед на потеклото на алкохолниот или ароматизираниот пијалок.

3. Примената на став 1 и 2 не ја спречува можноста на лицата и органите наведени во член 8 да преземат соодветни мерки кон договорните страни, вклучувајќи и започнување на судска постапка.

Член 10

ДРУГА ИНТЕРНА ЛЕГИСЛАТИВА И МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Освен во случаи кога е поинаку договорено помеѓу договорните страни, оваа Спогодба не ја исклучува можноста една проширена заштита, сега или во иднина, од страна на договорните страни да биде дадена на заштитените имиња со оваа Спогодба при примената на нивната внатрешна легислатива или на други меѓународни спогодби.

ГЛАВА II

КОНТРОЛА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ ПОМЕЃУ НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ

Член 11

НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПРИМЕНА

1. Договорните страни именуваат надлежни органи за примана на оваа Спогодба. Кога една договорна страна именува повеќе од еден надлежен орган, таа треба да обезбеди координираност на работата на тие органи.

За таа цел, треба да се именува еден единствен орган.

2. Договорните страни меѓусебно се информираат за имињата и адресите на овие органи но најдоцна два месеци по стапувањето во сила на оваа Спогодба. Треба да постои блиска и дискретна соработка меѓу овие органи.

Член 12

ПОВРЕДА

1. Доколку некој од органите на членот 11 има причина да се сомнева дека:

(а) алкохолен или ароматизиран пијалок од член 2, кој е или бил предмет на трговска размена помеѓу Република Македонија и Заедницата, не е во согласност со оваа Спогодба или со одредбите на законите и регулативите на договорните страни, кои се однесуваат на алкохолни и ароматизирани пијалоци; и

(б) тоа не почитување е од особен интерес за другата договорна страна и може да биде основа за преземање административни мерки и/или започнување на судски постапки,

тој веднаш ја информира Комисијата и надлежниот орган или органите на другата договорна страна.

2. Информациите кои треба да се дадат согласно ставот 1 треба да бидат придружени со официјални, трговски или друг вид соодветни документи, со детали за административните мерки или за еквивалентните судски постапки. Информациите особено ги опфаќаат следните елементи за алкохолните и ароматизираните пијалоци кои се во прашање:

(а) производителот и лицето кое има овластување да располага со тој алкохолен или ароматизиран пијалок;

(б) составот и органолептичките карактеристики на тој пијалок;

(в) неговиот опис и претставување;

(г) детални информации за непочитување на правилата за производство и трговија.

ГЛАВА III

РАКОВОДЕЊЕ СО СПОГОДБАТА

Член 13

РАБОТНА ГРУПА

1. До влегувањето во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, се основа работна група која произлегува од постојната работна група основана со одлуката бр. 1/98 на Советот за соработка воспоставен со Спогодбата за соработка помеѓу Република Македонија и Европската заедница, потпишана со размена на писма на 29 април 1997 година.

2. Работната група се грижи за доброто функционирање на оваа Спогодба и разгледува сите прашања кои може да произлезат при неговата примена. Поточно, работната група може да даде препораки за подобрување на реализацијата на целите на оваа Спогодба.

Член 14

ЗАДАЧИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

1. Договорните страни, директно или преку работната група дефинирана во член 13, одржуваат контакти за сите прашања поврзани со реализација и функционирањето на оваа Спогодба.

2. Поточно, договорните страни:

(а) Со одлука на Советот за соработка ги одредуваат и менуваат листите од член 5, и протоколот од оваа Спогодба, за да се земат предвид измените во законите и регулативите на договорните страни;

(б) меѓусебно се информираат за намерата да донесат нови регулативи или за измени на постојните регулативи од јавен интерес (заштита на здравјето и потрошувачот), кои имаат импликации врз пазарот на алкохолни и ароматизирани пијалоци;

(в) меѓусебно се известуваат за судските одлуки во врска со примената на оваа Спогодба и се информираат меѓусебно за мерките усвоени врз основа на таквите одлуки.

3. Во рамките на оваа Спогодба, секоја од договорните страни може да даде сугестии и проширување на полето на нивната соработка во однос на пазарот на алкохолни и ароматизирани пијалоци, земајќи го предвид искуството стекнато со примената на оваа Спогодба.

4. Одлуките донесени во смисла на став 2 (а) од овој член се задолжителни за страните кои се обврзани да ги преземат неопходните мерки за нивно извршување.

ГЛАВА IV

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 15

ТРАНЗИТ - МАЛИ КОЛИЧИНИ

Оваа Спогодба не се однесува на алкохолните и ароматизираните пијалоци кои:

(а) поминуваат во транзит преку територијата на една од договорните страни, или

(б) потекнуваат од територијата на една од договорните страни и се испратени во мали количини помеѓу овие договорни страни, под условите и согласно процедурите предвидени во овој протокол.

---

[3] Службен весник Л 190, 4.7.1998, стр.48.

[4] Службен весник Л 348, 18.12.1997, стр.1.

Член 16

ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРИМЕНА

Оваа Спогодба се применува на територијата на Република Македонија, од една страна и на територите на кои се применува Договорот за основање на Европската Заедница и според условите поставени во тој договор, од друга страна.

Член 17

НЕИСПОЛНУВАЊЕ

1. Договорните страни започнуваат консултации доколку едната од нив смета дека другата не извршила обврска која и припаѓа според оваа Спогодба.

2. Договорната страна која бара консултации и доставува на другата страна информации кои се потребни за детално испитување на случајот за кој станува збор.

3. Во случаи кога било какво доцнење би можело да го загрози човековото здравје или да ја намали ефикасноста на мерките за борба против измама, може да се преземат соодветни привремени заштитни мерки, без претходна консултација, под услов консултациите да се одржат веднаш по преземањето на тие мерки.

4. Доколку, по консултациите предвидени во став 1 и 3, договорните страни не постигнат договор, страната која побарала консултации или која презела мерки дефинирани во став 3 може да усвои заштитни мерки на начин со кој се овозможува правилна примена на оваа Спогодба.

Член 18

ПРОДАЖБА НА ПРЕТХОДНИ ЗАЛИХИ

1. Алкохолните и ароматизираните пијалоци, кои на датумот на стапување во сила на оваа Спогодба, биле легално произведени, опишани и претставени во согласност со интерните закони и регулативи на договорените страни, но со оваа Спогодба се забранети може да се продадат од страна на продавачи на големо за период од една година од стапувањето во сила на оваа Спогодба, а од трговците на мало се доисцрпување на залихите. Со стапувањето на сила на оваа Спогодба, алкохолите и ароматизираните пијалоци опфатени во неа повеќе не смеат да се произведуваат вон границите на нивниот регион на потекло.

2. Алкохолните и ароматизираните пијалоци, произведени, опишани и претставени во согласност со оваа Спогодба, но чиј опис и претставување не се повеќе во согласност со оваа Спогодба поради некоја измена во неа, можат да продолжат да се продаваат до исцрпување на залихите, освен во случаи кога договорните страни се договорат поинаку.

ПРОТОКОЛ КОН СПОГОДБАТА

ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОНТРОЛА НА ИМИЊАТА НА АЛКОХОЛНИ И АРОМАТИЗИРАНИ ПИЈАЛОЦИ

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ СЕ СОГЛАСИЈА ЗА СЛЕДНОТО:

Во согласност со член 15(б) од Спогодбата, следните количини на алкохолни и ароматизирани пијалоци се сметаат за мали количини:

1. количини ставени во садови со волумен до 5 литри, етикетирани и снабдени со направа за затворање која не може повторно да се користи, при што вкупната транспортирана количина, без оглед дали е составена од одделни пратки, не надминува 10 литри;

2. (а) количини кои се составен дел од личен багаж на патници, во количини не поголеми од 10 литри;

(б) количини кои се испратени во пратки адресирани од лице на лице во количини не поголеми од 10 литри;

(в) количини кои се составен дел од личните предмети на индивидуи кои се преселуваат;

(г) количини кои се увезени за целите на научни или технички експерименти, со максимална количина од 1 хектолитар;

(д) количини кои се наменети за дипломатски, конзуларни или слични тела, увезени под бесцарински третман кој тие го уживаат;

(ѓ) количини кои се чуваат во меѓународните транспортни средства како намирници;

Случајот на ослободување наведен во точка 1 не може да се кумулира со еден или повеќе случаи на ослободување наведени во точка 2.

1805.

Врз основа на член 184 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 36/98, 86/99, 25/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2001 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ КОИ МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗАТ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА

1. Со ова решение се определуваат предметите кои може да се увезат без плаќање царина, а за потребите на Министерството за здравство - Фонд за здравствено осигурување и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	И М Е Н У В А Њ Е	Количина
1	2	3	4
8471		Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место:	
	8471 50	-Дигитални централни единици освен оние од тар.подброеви 8471 41 и 8471 49, кои содржат или не содржат во исто куќиште една или две од следниве единици: Мемориски единици, влезни единици, излезни единици:	
	8471 50 90 00	--Друго	
		а) Дигитални централни единици-сервери и работни станици	207 парч.
	8471 60	-Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат мемориски единици во исто куќиште:	
	8471 60	-Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат мемориски единици во исто куќиште:	
	8471 60 40 00	---Печатари	52 парчиња
	8471 60 50 00	---Тастатури	207 парч.
	8471 60 90 00	---Друго	
		а) Монитори	139 парч.
	8471 70	-Мемориски единици:	
	8471 70 53 00	------Хард диск драјв (хард диск дривес)	
		а) Мемориски единици-Хард диск драјв	140 парч.
	8471 70 60 00	----Мемориски единици со магнетни ленти	67 парчиња
	8471 00 00 00	-Други единици од машините за автоматска обработка на податоци	
		а) Периферни единици	72 парчиња

8473		Делови и прибор (освен прекривачи, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. број 8469 до 8472:	
	8473 30	-Делови и прибор на машини од тар. број 8471:	
	8473 30 10 00	--Електронски	390 парч.
	8473 30 90 00	--Други а) делови и прибор на машини	3 парчиња
8504		Електрични трансформатори, статички конвертори (на пример, исправувачи) и индуктивни калеми:	
	8504 40	-Статички конвертори (претворувачи):	
	8504 40 30 00	---Модули за напојување од вид кои се употребуваат кај машините за автоматска обработка на податоци а) Модули за напојување	142 парч.
8517		Електрични апарати за жична телефонија или жична телеграфија, вклучувајќи жични телефонски апарати со безжична слушалка и телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони:	
	8517 50	-Други апарати, за жични системи со носечка струја или за дигитални линиски системи:	
	8517 50 90 00	--Други а) Дигитални апарати за жичани системи со носечка струја или за дигитални линиски системи-Модем	1 парче
8542		Електронски интегрирани кола и микросклопови:	
	8542 19	--Друго, вклучувајќи кола добиени со комбинација на биполарна и МОС технологија (БИМОС технологија):	
	8452 19 40 00	---- Мемории а) Вклучувајќи кола добиени со комбинација на биполарна и МОС технологија (БИМОС технологија) - мемории	278 парч.
8544		Изолирана жица (вклучувајќи емајлирана или анодизирана жица), кабли (вклучувајќи и коаксијални кабли) и други изолирани електрични спроводници, со или без конектори; кабли од оптички влакна, изработени од поединечно оплаштени влакна, комбинирани или не со електрични спроводници, со или без конектори:	
	8544 41	--Со конектори:	
	8544 41 10 00	---Видови што се употребуваат во телекомуникациите а) Кабли со конектори што се употребуваат во телекомуникации	36 парчиња

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-7126/2
25 декември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1806.

Врз основа на член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), а во врска со член 183, став 1, алинеја 11 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 36/98, 86/99, 25/2000, 109/2000 и 31/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2001 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се ослободуваат од плаќање царина предмети (добиени како донација), а кои се наменети за Министерството за образование и наука и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Именување	Вредност во ЕУР
1	2	3	4
9406	940600 9406 00 90 00	Монтажни згради -од други материјали а)Монтажни згради од други материјали	6.000.000,00

2. Со ова решение престанува да важи Решението за ослободување од плаќање царина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 81/2001).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-7126/1
25 декември 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, поднесена е тужба за развод на брак од тужителката Весна Несторова од Скопје, ул. "Ѓуро Салај" бр. 61, преку полномошникот Драган Малиновски, адвокат од Скопје, против тужениот Александар Голуб, од Скопје, ул. "Ѓуро Салај" бр. 61, сега со непозната адреса на живеење.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса на живеење, судот на 13.12.2001 година, согласно член 78 од ЗПП, поставен е привремен застапник кој ќе ги штити неговите права, интереси, до завршување на оваа постапка, или додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека назначил старател.

На тужениот со непозната адреса на живеење му е поставен за привремен застапник , Гојко Трајковски, адвокат од Скопје - ГТЦ Мавровка - Скопје, приземје.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIX П. бр. 2561/01. (31886)

Пред овој суд е во тек процесна постапка за утврдување право на наследство по тужба на тужителката Камчева Велика, против тужениот Велковски Владимир од Скопје.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса на живеење судот му поставува застапник, адвокатот Радмила Васиљевска Шишковска од Скопје, која ќе го застапува тужениот во постапката се додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот, односно додека Центарот за социјални работи не го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, VI. П. бр. 3075/98. (31919)

Основниот суд Скопје I - Скопје, се води постапка за долг по тужба на тужителот Кирил Бутикоски од Скопје, застапуван од полномошник Петре Тануровски, адвокат од Скопје, со решение на ЈУ Меѓуопштин-ски центар за социјална работа на Град Скопје, бр. 3020-635 од 26.11.2001 година, за посебен старател на тужениот Тони Станковски од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Вредност на спорот е 270.906,00 денари по која е оформен предметот на овој суд XXII.П. бр. 1150/00 е поставен адвокат Македонка Јанакиевска од Скопје, ул. "Пролет" бр. 16/2-27. Наведениот адвокат ќе ги застапува и штити интересите на тужениот во постапката се додека не се појави пред судот или од него овластен полномошник.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XXII. П. бр. 1150/00. (31932)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Анамша Џемаили од Скопје, против туженот Февзи Џемаили роден во Титова Митровица, Југословенски државјанин со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Февзи Џемаили со непознато место на живеење во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", да се јави во Основниот суд Скопје II - Скопје, или во тој рок да достави своја адреса, или престојувалиште, или да назначи свој полномошник.

Доколку тужениот Февзи Џемаили не се јави во рок од 30 дена неговите интереси во постапката ќе ги штити привремен застапник поставен од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на општините на Град Скопје, се додека тужениот лично или неговиот полномошник не ќе се појават во судот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XIX. П. бр. 2082/01. (31581)

ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Основниот суд во Гостивар, се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Лиман Лимани од с. Сенокосе - гостиварско, против тужената Меркентруп Улрике од Крефолт СР Германија, со непозната адреса.

Се повикува тужената Меркентруп Улрике, да ја достави својата адреса на судот, или да овласти полномошник кој ќе ја застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

Доколку во рок од 30 дена не се јави тужената или нејзиниот полномошник судот ќе и постави привремен застапник.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 847/01. (31570)

Пред Основниот суд во Гостивар, се води постапка по основ развод на брак, по тужба на тужителот Фетаи Исмет од Гостивар, против туженот Фетаи Насире од Гостивар, вредност неопределена.

Бидејќи тужената е со непозната адреса на живеење и престој во Република Швајцарија и се поставува привремен застапник лицето Агим Мислими, адвокат од Гостивар, кој ќе ги застапува интересите на тужената Фетаи Насире од Гостивар, додека таа или нејзиниот полномошник или застапник не се јави на главната расправа пред овој суд или се додека Органот за старателство не и постави старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 517/01. (31571)

Пред овој суд по предлог на предлагачката Велија Тахири Сабајета од с. Градец - гостиварско, се води постапка за докажување на смртта на лицето Ефраим Тахири од с. Градец, роден на 09.01.1927 година, во Градец, од татко Али и мајка Алије Тахири.

Основниот суд во Гостивар, го повикува лицето Ефраим Тахири во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла на овој суд да се јави во Основниот суд во Гостивар.

Судот истовремено ги повикува сите лица кој знаат нешто за нејзиниот живот тоа да го соопштат на овој суд.

По истекот на рокот од 15 дена, доколку повиканото лице не се јави пред овој суд ќе се смета дека е умрено.

Од Основниот суд во Гостивар, Р. бр. 276/01. (32213)

ОСНОВЕН СУД ВО РЕСЕН

Пред Основниот суд во Ресен, се води постапка за прогласување наследници на правото на денационализација на имотот одземен од покојникот Ванчо Икономовски бивш од с. Јанковец, кој починал на 11.03.-1967 година во Ресен.

Покрај другите како законски наследници се јавуваат внуците на покојниот по право на претставување од покојниот син Маху (Телеман) Михалаки Телеман и Иванчо Телеман, двајцата од САД, внуците од покојната ќерка Хариклија, (Жалас), Виолета Лазар Жалас и Флорика Лазар Жалас, двете сега во САД и внуците од покојната ќерка Христина, Ванчо, Круме Дорев и Александар Круме Дорев, двајцата сега во Торонто - Канада, сите со непозната адреса на живеење.

Се повикуваат наследниците: Михалки Телеман, Ванчо Телеман, Виолета Лазар Жалас, Флорика Лазар Жалас, Ванчо Круме Дорев и Александар Круме Дорев, сите со непозната адреса на живеење, да се јават во рок од една година, сметано од денот на објавувањето на огласот или пак доставаат точни адреси на живеење или престојување. Во спротивно, доколку не се јават во определениот рок од судот ќе им биде доставен привремен старател кој ќе се грижи за нивните интереси во текот на постапката за прогласување наследници на правото за денационализација.

Од Основниот суд во Ресен, О. бр. 53/01. (32226)

ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

За привремен застапник на должникот Гугински Стојан од Струмица, а сега со непозната адреса на живеење, во извршниот предмет бр. 2674/00, заведен по предлогот за извршување поднесен од страна на доверителот Ристоманов Фенчо од Струмица, за наплата на парично побарување - долг, се назначува Цона Каламерникова - стручен соработник при Основниот суд во Струмица.

Привременият застапник ќе го застапува должникот се додека должникот не се појави пред судот или не испрати полномошник.

Се повикува должникот Гугински Стојан да се јави во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот.

Од Основниот суд во Струмица. (31591)

Во Основниот суд во Струмица, е заведен спор за развод на брак по тужба на тужителката Стојанова Ленче од Струмица, против туженият Стојанов Ратко од Струмица, со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави пред овој суд во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на овој оглас во "Службен весник на РМ", или во тој рок на судот да му достави точна адреса.

Доколку истиот не се јави во тој рок ќе му биде поставен времен застапник, а тоа ќе биде лицето Лорета Ѓоргиева од Струмица, стручен соработник при овој суд која ќе ги застапува интересите на тужениот Стојанов Ратко, се додека тој или пак неговиот полномошник не се јават пред овој суд.

Од Основниот суд во Струмица. П. бр. 2170/01.

(32224)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужба на тужителот Хусмани Шабан од с. Слатино, против тужената Хусмани Селвије од с. Џепчиште, сега со непозната адреса во Данска.

Се повикува тужената во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", да се јави во судот, ја посочи нејзината адреса или одреди свој полномошник. Во спротивно, судот преку Центарот за социјални работи - Тетово, ќе бара одредување на времен старател кој ќе се грижи за правата и интересите на тужената до правосилно окончување на постапката.

Од Основниот суд во Тетово. П. бр. 734/2001. (32216)

Пред Основниот суд во Тетово, се води постапка за сопственост по основ на одржувачка по тужба на тужителката Петровска Бона од Тетово, ул. "Гоце Делчев" бр. 221, против тужената Петровска Зора со непозната адреса во Албанија.

Се повикува тужената да се јави во судот да достави адреса или овласти полномошник кој ќе ја застапува во оваа постапка.

Во спротивно, по истекот на 30 дена судот преку ЦСР во Тетово, на тужената ќе и постави привремен застапник.

Од Основниот суд во Тетово. П. бр. 821/01. (32225)

Пред Основниот суд во Тетово, се води постапка за сопственост по тужба на тужителот Зендели Муарем од Тетово, против Алити Шефки од Тетово, со непозната адреса. Вредност на спорот 10.000,00 денари.

Се повикува тужениот Шефки Мемиша Алити од Тетово, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", да се јави во Основниот суд во Тетово.

Доколку во тој рок не се јави и не одреди свој полномошник, судот ќе му постави времен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Основниот суд во Тетово. П. бр. 818/01. (32227)

ОСНОВЕН СУД ВО НЕГОТИНО

Пред Основниот суд во Неготино, се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Доневска Слободанка од Неготино, против туженот Доневски Бранко со непозната адреса.

Со решение на овој суд П. бр. 161/01 од 21.11.2001 година, врз основа на член 78, став 2, точка 4 од ЗПП, за привремен застапник на тужениот со непозната адреса во САД, поставена е Елизабета Дудин - Јованова, адвокат од Неготино.

Со ова решение е одредено дека привремениот застапник по оваа постапка ќе го застапува тужениот се додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека на тужениот му поставил старател.

Овој оглас да се објави во "Службен весник на РМ", и преку огласната табла на овој суд.

Од Основниот суд во Неготино. П. бр. 161/01. (32214)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд е заведен извршен предмет Ис. бр. 13-1264/97 по предлог на доверителот Комерцијална инвестициона банка АД Куманово, правен следбеник на Стопанска банка АД Скопје главна Филијала Куманово, против должници ПП "СИНТЕКС" ДОО Куманово и хипотекарни должници Душан Петровски, Јордан Петровски, Снежанка Петровска и Петар Петровски сите од Куманово, за наплата на парично побарување во износ од 10.295.746,00 денари, врз основа на извршна исправа-судско порамнување Р. бр. 819/94 од 25.07.1994 година, на Општинскиот суд во Куманово.

Во текот на постапката судот утврди да должникот ПП "СИНТЕКС" ДОО Куманово е затворена поради што директорот- сопствениците се во странство со непознато престојувалиште, како и должниците Јордан Петровски и Снежанка Петровска кои исто така се наоѓаат во странство со непозната адреса, поради што судот согласно со член 78, став 2, точка 4 и член 80 од ЗПП и во врска со член 13 од ЗПП им постави времен застапник и тоа Мирјана Стојковска, адвокат од Куманово.

Привремениот застапник во постапката за која е поставен ќе ги има сите правни должности во име и за сметка на должникот и хипотекарните должници Јордан Петровски и Снежанка Петровска од Куманово, се додека должниците не се појават пред судот.

Од Основниот суд во Куманово, Ис. бр. 13-1264/97.

(32285)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 861/2001 од 10.10.2001 г., во регистарска влошка бр. 03009277?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар основање на ДООЕЛ на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕДИ-ТЕКС увоз-извоз ДООЕЛ Струмица, ул. "Ѓорги Трајков" бр. 23.

Единствен содружник: Ташева Елеонора од Струмица, ул. "Ѓорги Трајков" бр. 23.

